ПОЧЕТОК НА ДОЛГА ВОЈНА | ГЛОБСЕК 2022 | ТУРСКИ ПИШТОЛ „CANIK TP9SF ELITE-S“ | ВЛЕЧНА ХАУБИЦА „L118“

# ШТИТ

Број 153
Јули 2022
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Силно сојузништво и единство во Алијансата

### Авионите „Ф-35“ на Националната гарда на Вермонт слетаа на аеродромот во Петровец









# Силно сојузништво и ед
# Авионите „Ф-35“ слетаа на

Два борбени авиони од типот „Ф-35“ на Националната гарда на Вермонт, на 17 јуни, извршија прелет и слетаа на аеродромот во Петровец, како приказ на силното сојузништво и единство во Алијансата, како и на речиси тридецениското партнерство меѓу Армијата на Северна Македонија и Националната гарда на Вермонт и подготвеноста на Алијансата да ја заштити безбедноста на своите земји членки. Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во изјава за медиумите порача дека слетувањето на авионите „Ф-35“ на македонска територија е непобитен доказ дека Северна Македонија е дел од нешто што е поголемо од сите нас и дека зад нашата безбедност и безбедноста на Алијансата стојат сите сојузници со своите капацитети и способности. „Северна Македонија е дел од мисијата на НАТО за патролирање на воздушниот простор повеќе од една година. Овој елемент на интеграција во НАТО на националниот воздушен простор за нас е една од најважните активности на војската во мирновременски услови. Важно е да се истакне дека аеродромите во Северна Македонија можат да обезбедат поддршка за авионот ‘Ф-35’ во извршување на различни мисии во воздушниот простор на НАТО“, рече министерката. Министерката за одбрана се осврна и на стратешкото партнерство со САД, како и на партнерството помеѓу Армијата на Северна Македонија и Националната гарда на Вермонт, кое трае речиси три децении. „Овие напредни борбени воздухоплови се дел од 134-тата борбена ескадрила на Националната гарда на Вермонт. Партнерството








# динство во Алијансата
# а аеродромот во Петровец

меѓу Северна Македонија и Вермонт отсекогаш било пример за соработка, пријателство и заемна поддршка“, потенцираше Петровска.

На настанот присуствуваа и заменик-амбасадорот на САД, Ерик Маер и потполковникот Џон Мекреј од Националната гарда на Вермонт. Полковникот Џон Мекреј порача дека ниту една земја самостојно ги нема ресурсите за да се справи со сите безбедносни предизвици и дека токму партнерствата ни ја даваат колективната сила и мудрост за да ги идентификуваме и со заеднички сили да ги надминеме заканите по нашата безбедност. „Токму поради членството на Северна Македонија во НАТО, ние, како сојузник можеме да ја споделиме безбедноста која произлегува од мисиите за патролирање на воздушниот простор и брзо распоредување на напредни способности на платформата ‘Ф-35’, како што докажавме денес“, рече Мекреј. Мекреј, укажувајќи на тридецениската врска помеѓу Вермонт и Северна Македонија, истакна дека и Северна Македонија дава свој придонес кон одржувањето на подготвеноста на силите. „Северна Македонија обезбедува обука и ресурси за воздухопловните сили на НАТО преку воениот аеродром во Петровец и полигонот за обука Криволак, кои ни се потребни за да ја одржиме нашата подготвеност. Воздухопловните сили на НАТО, пак, имаат шанса да тренираат заедно со вашиот Воздухопловен винг и со Армијата, со цел да ја гарантираат сегашната и идната безбедност на Северна Македонија на Балканскиот регион и во Европа“, истакна потполковникот Мекреј.

Кристина Илиевска

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова Христова
Соња Крамарска
Афрдита Волина
Тони Јаневски, потполковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)

Печати:
„Фокус принт“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана https://mod.gov.mk/штит



10
**Почеток на долга војна**



20
**НАТО Симпозиум на команданти на воени воздухопловства**

# содржина

ШТИТ ■ година XIV ■ број 153 ■ јули 2022

Инфо ........ 6

Инфо
**Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во работна посета на САД** ........ 8

Мисии
**Под знамето на ОН** ........ 14

Јубилеи
**30-годишен јубилеј од формирањето на македонската одбрана и Армијата** ........ 22

Воена едукација
**Спознајна пристрасност и воена измама** ........ 25

Воена едукација
**Оперативен дизајн на Дојранската битка (1915 – 1918 година) со слушатели од КПоПоф** ........ 28

Вооружување
**Турски пиштол „CANIK TP9SF Elite-S“** ........ 32

Вооружување
**Германски млазни авиони од Втората светска војна (2)** ........ 34

Вооружување
**Украинската јуришна пушка „Малиук“** ........ 42

Народни херои
**Благој Јанков-Мучето народен херој на Македонија** ........ 50

Филм
**„Банкарот на отпорот“** ........ 56

**Калишта – туристичко село со природни убавини** ........ 58



36
**Оклопен транспортер на романската армија „SAUR“**



40
**Влечна хаубица „L118“**

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *Армиски активности*

*Во текот на изминатиот период Армијата на Република Северна Македонија имаше многубројни активности од различен карактер за кои пишувавме во нашето списание. И во месецот што измина бевме сведоци дека армиските активности не застануваат и се одвиваат успешно и константно според планираното.*

*Началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, во Охрид беше домаќин на 15. конференција на НГШ на балканските земји, за што пишуваме поопширно во овој број. Освен тековните активности за време на Конференцијата, генералот Ѓурчиновски оствари и одделни работни средби со началникот на Националната одбрана на Грција, генерал Константинос Флорос, со началникот на Генералштабот на ВС на Република Турција, генерал Јашар Ѓулер, како и со началникот на Вооружените сили (ВС) на Република Хрватска, адмирал Роберт Храњ. На средбите беше потврдена добрата билатерална соработка помеѓу земјите, што е од огромно значење за мирот и стабилноста на Регионот и за понатамошно изнаоѓање на нови облици на заеднички активности и интензивирање на соработката.*

*Како дел од активностите за одбележување на триесетгодишниот јубилеј на Армијата на Воениот стадион во Скопје, свечено беа отворени финалните спортски натпревари по повод 18 Август – Денот на Армијата. Во досегашните спортски натпреварувања кои се одржаа во сите гарнизони на Армијата, учествуваа повеќе од 1000 армиски припадници и припаднички, а во финалните натпреварувања учествуваат стотина припадници на Армијата. Спортот и спортските натпревари се значаен фактор во армиската обука и физичката подготвеност, но и во развивањето на натпреварувачкиот дух кој придонесува подобро да се извршуваат армиските борбени задачи. На најуспешната единица на свеченото постројување за Денот на Армијата ќе ѝ се додели преоден пехар, а најуспешните екипи и спортисти ќе добијат пригодни награди.*

*Во изминатиот месец се реализираа и повеќе курсеви, обуки и вежби на кои учествуваа армиските припадници. Во Атина, Република Грција, се реализираше Курсот за обука за планирање на специјални операции (SOTG), од страна на инструктори од специјалните сили на ВС на Република Грција, на кој учествуваа и припадници од Баталјонот на специјални сили (бСС) на Армијата. Во касарната „Чеде Филиповски-Даме“ беше реализирана ситуациона – теренска вежба (СТВ), а во склоп на вежбата се изврши и оценување на Лесниот пешадиски вод (лпв), кој ќе биде во состав на Балканската борбена група (HELBROC 23/1), во согласност со Упатството за оценување на борбена готовност на Армијата. Континуираната активност во спроведување на обука на персоналот од состав на Армијата за стекнување на потребни знаења од процесот на стандардизација во НАТО продолжи и во текот на јуни со изведување на вториот модул на планирана обука од оваа област. Во КОД се реализираше курс за дизајнирање и менаџирање на обуката, од страна на инструктори од советодавен тим од ВС на Обединетото Кралство.*

*Припадниците на Воздухопловниот винг (вВИНГ) од составот на Командата за операции (КО), во рамки на активностите по повод 30 години од формирањето на Армијата, на 10 Јуни го одбележаа Денот на единицата и, воедно, својот триденеиски јубилеј. На крајот од свеченоста присутните имаа можност да проследат прелет на воздухоплови „Ф-16“, како дел од воздухопловното патролирање на НАТО, како и прелет на дел од воздухопловите со кои располага Вингот.*

*Во касарната „Чојлија“ во гарнизонот „Петровец“, припадниците на Тенковскиот баталјон (тб) од составот на 1.пешадиска бригада (1.пбр), го одбележаа Денот на единицата.*

*Во пресрет на Денот на Армијата, можеме да заклучиме дека ентузијазмот и мотивираноста во извршувањето на обврските кај армиските припадници е на највисоко можно ниво и дека имаме армија која дава квалитетен придонес и во одбраната на земјата и во колективното членство.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk

ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА
0800 50030




# Единството и сојузништвото се носечки столб на Алијансата

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, учествуваше на состаноците на министрите за одбрана во рамките на Северноатлантскиот совет на Алијансата во Брисел. Состаноците се реализираа во две засебни сесии, а во фокусот на дискусијата беа состојбата во Украина, инвестирањето и давањето на поддршка за зајакнување на капацитетите на Алијансата и НАТО концептот за одбрана и одвраќање. „Нашата цел е јасна – НАТО е одбранбена Алијанса која нема да дозволи нарушување на безбедноста на територијата на земјите членки и секоја од сојузничките земји е посветена и сплотена кон оваа цел. Ниту сакаме, ниту бараме конфликти, но стоиме цврсто, гарантирајќи ја територијата на НАТО и безбедноста на граѓаните“, истакна Петровска.  Во рамките на дискусијата, министрите разговараа и за рамномерното споделување на товарот, при што министрите го поздравија континуираното седумгодишно зголемување на средствата наменети за одбрана на земјите членки. Заедничката цел е достигнување на ниво од 2% од бруто-домашниот производ за одбрана, од кои најмалку 20% за нова опрема и истражување и развој. Во тој контекст, Петровска истакна дека ние сме посветени кон реализација на оваа определба, а оваа година една третина од македонскиот буџет за одбрана се користи за опремување и модернизација, со што се демонстрира нашата посветеност кон колективната безбедност и безбедноста на нашиот регион.

Министерката Петровска, во рамките на состанокот оствари повеќе средби со  своите колеги од земјите членки на Алијансата. На средбата со словенечкиот министер за одбрана, Марјан Шарец, Петровска посочи дека Северна Македонија и Словенија имаат исклучително интензивна и блиска соработка во одбраната која вклучува и заеднички вежби и обуки, користејќи ги капацитетите на двете земји. Двајцата министри изразија задоволство од донесената одлука за финансиска и материјална поддршка на Балканските медицински наменски сили од страна на European Peace Facility.  Министерката за одбрана, Славјанка Петровска,  во седиштето на НАТО се сретна со помошникот-генерален секретар за инвестиции во одбраната, Камил Гранд, со којшто разговараше за унапредувањето на капацитетите и за вмрежувањето на Центарот за обука на пилоти со останатите капацитети за обука на пилоти во Европа, и тоа во рамките на иницијативата за создавање на НАТО структура за летачка обука во Европа. Помошникот-генерален секретар, Гранд, укажа на големата потреба од летачка обука во Европа и порача дека ЦОП во Северна Македонија има капацитет да биде еден од стожерите на обука на континентот.

Во седиштето на Алијансата, министерката Петровска, заедно со секретарот за одбрана на САД Лојд Остин и министрите за одбрана на сојузничките земји учествуваше на состанокот на Контакт-групата за Украина, на кој беше реафирмирана поддршката за територијалниот интегритет и суверенитет на Украина и беше потврдена заложбата на НАТО за поддршка на украинските граѓани и на земјата во одбрана од неоправданата руска агресија. Министерката Петровска учествуваше и на работната вечера на министрите за одбрана на НАТО и на Шведска, Финска, ЕУ, Украина и Грузија, на која ги поздрави апликациите на Шведска и на Финска за членство во Алијансата. Во Брисел, Петровска се сретна и со нејзиниот романски колега, Василе Динку, кому му се заблагодари за романската поддршка во борбата со огнените стихии во Северна Македонија минатото лето и порача дека земјата е посветена на континуираниот развој на билатералната одбранбена соработка.








# 15. конференција на началниците на ГШ на балканските земји

Главната тема на 15. конференција на началниците на ГШ на балканските земји, која се одржа во Охрид, беше „Употреба на вооружените сили во справувањето со најновите предизвици во национален и регионален контекст (најдобри практики)“. На Конференцијата, покрај началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски како домаќин, учествуваа и НГШ на ВС на Босна и Херцеговина, генерал-полковник Сенад Машович, НГШ на ВС на Бугарија, адмирал Емил Ефтимов, НГШ на Националната одбрана на Грција, генерал Костантинос Флорос, НГШ на ВС на Романија, генерал Даниел Петреску, НГШ на Војската на Србија, генерал Милан Мојсилович, НГШ на ВС на Турција, генерал Јашар Ѓулер, ЗНГШ на Војската на Црна Гора, полковник Радуловиќ и претставник од Вооружените сили (ВС) на Албанија. Како набљудувачи на Конференцијата присуствуваа и НГШ на ВС на Хрватска, адмирал Роберт Храњ, како и претставници од: Воениот комитет на ЕУ, генерал-мајор Јохан Френк, Врховната команда на Сојузничките сили во Европа, генерал-потполковник Брајс Хјудит, Здружената команда на НАТО од Неапол и од Командата на Армијата на САД за Европа и Африка, генерал-потполковник Џон Колашевски. По отворањето на Конференцијата од страна на НГШ на Армијата на Република Северна Македонија, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, свое обраќање имаше претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Вооружените сили, Стево Пендаровски и заменикот на министерот за одбрана, Башким Хасани. Претседателот Пендаровски во своето обраќање пред началниците истакна: „Вие самите најдобро знаете дека руската агресија врз Украина ја загрозува посредно и непосредно и самата Европа. Руската инвазија предизвика и енергетска криза, висока инфлација, прехранбена криза и забавување на постпандемиското опоравување на националните економии. Уверен сум, дека Балканот во Европската Унија ќе ја направи и Европа, постабилна и посигурна, а НАТО и ЕУ се двата гаранти за безбедна и просперитетна иднина на континентот.“ Заменикот на министерот за одбрана, Хасани, обраќајќи се пред присутните, истакна дека Конференцијата покажува дека интересот на сите балкански земји е еден, а тоа е зачувување на безбедноста и мирот и создавање на еден силен и развиен регион, пример за соработка. „Сите ние имаме една цел, да им овозможиме на генерациите што доаѓаат стабилна и безбедна иднина, иднина која ќе ја создаваат и тие на овие простори. Тоа можеме и мораме да го направиме, затоа што овој регион има што да понуди.“ кажа Хасани. Генералот Ѓурчиновски ги истакна важноста и придобивките од досегашните донесени одлуки кои сите овие години се од големо значење и придонесуваа за поуспешна меѓусебна соработка, што на крајот резултираше со подобра безбедносна средина за сите земји во регионот. Затоа оваа иницијатива е од големо значење и за Република Северна Македонија. „Ветивме дека ќе соработуваме во развојот на воените односи за да ја подобриме и да ја унапредиме воената соработка во регионот на сите нивоа и да придонесеме за соодветен одговор на потенцијалните асиметрични и хибридни закани.“, истакна генералот Ѓурчиновски во воведното излагање.
На Конференцијата, покрај разгледување на главната тема, се водеа разговори за зајакнување на начините на воената соработка на балканските држави, како и начините на спротивставување на сите безбедносни предизвици, ризици и закани во регионот. Ова, првенствено, е поврзано со реализација на заеднички видови обука, како и со процена на асиметричните закани на Балканот. Началниците на генералштабовите на балканските земји на крајот од Конференцијата потпишаа заедничка изјава со која се потврдува цврстата заложба за проширување и зајакнување на воената соработка.



# Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во работна посета на САД

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, оствари повеќедневна работна посета на САД. За време на посетата, Петровска оствари бројни средби со високи претставници на одбраната и вооружените сили на САД и учествуваше на првиот стратешки дијалог помеѓу Северна Македонија и САД, како дел од делегацијата на Владата на Северна Македонија

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во рамките на работната посета на САД го посети Воениот колеџ на Копнената војска на САД во државата Пенсилванија, каде се сретна со генералот-мајор, Дејвид Хил и со проректорот на Колеџот, д-р Џејмс Брекенриџ. „Образованието на Воениот колеџ е во согласност со највисоките воени стандарди и навистина ми е задоволство што преку ИМЕТ-програмата со САД, Северна Македонија испраќа свои офицери кои тука го доусовршуваат своето воено образование. Таа практика ќе продолжи и ќе се интензивира“, нагласи министерката на средбата. За време на посетата, министерката учествуваше и на тркалезна маса со Катедрата за европски прашања, посветена на европската безбедносна политика, новата безбедносна реалност во Европа предизвикана од руската инвазија на Украина, како и регионалната соработка и предизвиците по регионалната безбедност. Во Воениот колеџ, министерката се сретна и со двајца



офицери на Армијата кои во моментов се школуваат на Воениот колеџ, полковникот Наумоски и потполковникот Миленковски. Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во рамки на посетата на САД, положи венец на Гробот на незнајниот војник на Националните воени гробишта „Арлингтон" во Вашингтон.
Министерката Петровска го посети Пентагон каде оствари повеќе средби со високи претставници од сферата на одбраната. На средбата  со заменикот-помошник секретар за одбрана за меѓународни безбедносни работи, Колин Кал, министерката Петровска истакна: „Заедно со нашите сојузници во НАТО стоиме цврсто на позициите за превенирање на безбедносните кризи кои ги загрозуваат мирот, стабилноста и просперитетот во светот. Со нашето заедничко учество во мисиите на НАТО и со поддршката на другите активности на Алијансата, заедно се справуваме со геополитичките предизвици и даваме придонес кон намалување на потенцијалните ризици и закани кон евроатлантската заедница“. Новата безбедносна реалност, нагласи министерката на средбата, повикува на уште посилно сојузништво и брза и ефикасна интеграција на Западниот Балкан во европските и евроатлантските структури.
Петровска се осврна и на, како што рече, домашните задачи – растот на одбранбениот буџет кој се реализира согласно предвидената динамика.
Потсекретарот за одбрана, Кал, порача дека САД отсекогаш ги поддржувале реформите во одбранбениот сектор на Северна Македонија и дека тоа ја покажува посветеноста како стратешки партнери, надградена со стратешкиот дијалог и посветеноста како сојузници во НАТО Алијансата.
Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во Пентагон се сретна и со командантот на Бирото на националната гарда на САД, генералот Даниел Хокансон, со командантот на Националната гарда на Вермонт, генерал-мајор Грегори Најт и со потсекретарот на Армијата на САД, Габриел Камарило.
Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во Белата куќа имаше средба со Аманда Слот, директор за Европа; со Дејвид Фабрицки, директор за НАТО и европски прашања и Адмир Музурович, Директор за Балкан и Централна Европа при Советот за национална безбедност. На средбата стана збор за севкупната безбедносна состојба на европскиот континент, која бара единство, сојузништво и брза и ефикасна интеграција.
Министерката Петровска порача дека токму процесот на европска интеграција стана безбедносно прашање од највисок приоритет при што ја поздрави силната американска поддршка за неодложен почеток на преговорите за членство на Северна Македонија со ЕУ. На средбата стана збор и за справувањето со хибридните закани, вклучувајќи ги и дезинформациите кои можат да имаат дестабилизирачки ефект во општествата во регионот. Заедничката соработка, меѓусебната посветеност и поддршката во интензивниот развој на Армијата, но и соработката и сојузништвото во НАТО – Алијансата беа во фокусот на работната вечера на министерката Славјанка Петровска со помошничката на американскиот секретар за одбрана, Селесте Валандер. Министерката Петровска истакна дека стратешкиот дијалог  ќе биде уште еден чекор понапред во веќе интензивната и продуктивна соработка помеѓу САД и Северна Македонија на полето на одбраната. Петровска и Валандер разговараа и за новата безбедносна реалност во Европа.  Валандер на работната вечера го истакна значењето на Северна Македонија во одржувањето на регионалниот мир и безбедноста, потенцирајќи ги одлуките кои овозможија прием на Северна Македонија во НАТО.
Во рамките на стратешкиот дијалог помеѓу САД и Северна Македонија беше потврдена дополнителна финансиска поддршка од САД за оваа година во процесот на модернизација на Армијата, и тоа со 40 милиони долари.
Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во своето воведно обраќање на сесијата посветена на одбраната, порача дека САД три декади се наш најблизок партнер и во развојот и во процесот на евроатлантска интеграција.
Денешната нова безбедносна реалност во Европа, подвлече Петровска, повикува на уште поблиска и уште поинтензивна соработка со една цел – мир, безбедност и стабилност на Евроатлантската област. Петровска порача дека Владата и Министерството остануваат цврсто на ставот за раст на одбранбениот буџет кој годинава изнесува 1,77 проценти од БДП, а според плановите треба да достигне 2% до 2024 година, вклучително и на одредбата 20 проценти од овој буџет да биде наменет за опремување и модернизација. Министерката информираше дека во фокусот е и Лесната пешадиска баталјонска група, од која еден значаен дел – Лесниот пешадиски баталјон, годинава доби позитивна оценка на НАТО, а оценувањето  е „борбено способен“.








# Почеток на долга војна

Секоја војна има свој почеток и крај. Денес, се чини дека војната во Украина се движи кон две најверојатни сценарија: мировно решение или долготраен конфликт. Руско-украинската војна трае многу подолго отколку што се очекуваше, а на повидок нема момент којшто може да го означи крајот на војната. Очигледно е дека посакуваната цел на Русија – контрола на целата територија на Украина, нема да може лесно да се постигне, а Украина тешко ќе ги протера руските сили од заземената територија

Низ историјата, сведоци сме на сцени и моменти што навидум го најавуваат дефинитивниот крај на војната. На пример, по завршување на Првата светска војна и потпишување на Версајскиот договор на 28 јуни 1919 година, исчезнале четири царства: Германското Царство, Австро-Унгарското Царство, Отоманското Царство и Руското Царство. Бројни нации ја вратиле својата поранешна независност, а биле создадени нови. Во Германија, нацистите се обидувале ситуацијата да ја претставуваат како домашно предавство и меѓународен заговор, со обид да ја поттикнат германската нација во духот на одмаздата и да ги пренасочат спомените од војната во полза на сопствените политики. Руското Царство изгубило поголем дел од својата западна територија, а биле создадени новите независни држави: Естонија, Финска, Латвија, Литванија и Полска.
Симбол за пораз на Оската и победа на сојузниците во Втората светска војна е знамето на победата поставено над зградата на Рајхстагот по нејзиното заземање за време на битката за Берлин. Од 4 февруари до 11 февруари 1945 г., на Кримскиот Полуостров се одржала Конференцијата во Јалта на која учествувале водачите на Велика Британија, САД и СССР, на која била договорена поделбата на окупираните зони во поствоена Германија. Германија капитулирала на 8 мај 1945 година, по што германските сили се предале, со што завршила Втората светска војна во Европа, а по одбивањето на барањето на сојузниците за безусловна капитулација од страна на Јапонија, САД ги фрлиле првите атомски бомби врз јапонските градови, по што Јапонија капитулирала на 2 септември 1945 г., со што и официјално завршила Втората светска војна. Крајот на Втората светска војна го означи почетокот на Студената војна. Уривањето на Берлинскиот ѕид во ноември 1989 година, претставува симбол за крај на Студената војна. Меѓутоа, и покрај распадот на Советскиот Сојуз, прашање е дали Студената војна заврши.
Денес, се чини дека војната во Украина се движи кон две најверојатни сценарија: мировно

решение или долготраен конфликт. Руско-украинската војна трае многу подолго отколку што се очекуваше, а на повидок нема момент што може да го означи крајот на војната. Очигледно е дека посакуваната цел на Русија – контрола на целата територија на Украина, нема да може лесно да се постигне, а Украина тешко ќе ги протера руските сили од заземената територија. Разрешница на конфликтот очигледно е тешко дека ќе се постигне во блиска иднина, па оттука се поставува и прашањето дали оваа војна може да донесе нова ера на конфликти, а ако војната не заврши наскоро, клучен предизвик ќе биде времето.
Времето е основната димензија на војувањето. Времето ги диктира, контролира, создава и ги ограничува објективните реалности со кои спротивставените страни се соочуваат на бојното поле. Разбирањето на времето ќе ни помогне полесно да ги разбереме ризиците и можностите, како поединци, како организации и како држави. Извршувањето на воената операција, нејзиното времетраење, опсегот, логистиката и поддршката се засноваат на времето како императив. Времето има огромно влијание во постигнување на оперативни резултати. Мала и неорганизирана воена сила, може да се стекне со предност пред многу поспособна воена сила само поради добрата временска рамка за извршување на нејзините воени операции. На двете спротивставени страни им е потребно добро планирање на времето, а прашање е која од страните ќе извлече предност од него.
Дали времето е на страната на Русија? Долготрајна војна, којашто ќе трае со години, може да биде и посакуваната цел за Москва, бидејќи исходот ќе биде уништување на Украина како држава и долгогодишна нестабилност во Европа со постојана закана од прелевање на конфликтот во околните држави. Долгорочна војна ќе се почувствува и на глобално ниво, бидејќи ќе предизвика бран на глад и економска несигурност во светот. Долгото војување ќе претставува проблем за западните држави коишто не се способни да ги издржат последиците од тешкиот воен конфликт. Тоа е така затоа што западните демократски општества се навикнати на удобностите што ги нуди глобализацијата и мирновременските услови за живот. Во исто време, руската пропагандна машинерија воено го мобилизира руското општество.






Иако западните сојузници се надеваат на брза украинска победа, тие мора да се подготват и за продолжена војна. Најверојатно, политичките мерки коишто се преземени – воената помош за Украина и санкциите против Русија, нема да се променат во однос на времетраењето на војната. Максималната воена поддршка за Украина е суштинска, без оглед на траекторијата на војната. Санкциите насочени кон Русија, особено оние насочени кон енергетскиот сектор, со текот на времето треба да предизвикаат промени во руските пресметки и долгорочен пад на руската воена машинерија.
Во случајов, времето е одлучувачки фактор и на стратешко ниво. Политичката одлука да се интервенира, распореди и демонстрира сила во одредена временска рамка, очигледно е невозможна за реализација за силите на теренот, а воените барања за „повеќе време“, очигледно, на политичко ниво, не се прифатени. Така, послабата страна која има „повеќе време“ на располагање, често може и да ја совлада посилната воена сила, применувајќи маневри од големи размери и краткорочни оперативни достигнувања кои се невозможни на долг рок. Затоа, успехот на Украина ќе зависи од вешто и трпеливо политичко лидерство и силна поддршка од глобалното јавно мислење.
Денес, технолошкиот развој уште повеќе му дава значење на времето во услови на војна, како одбранбен и безбедносен предизвик. Постојат безброј начини како времето може да се операционализира, од измама до психолошка војна и сајбер-напади, до дезориентирање и запирање и забавување на противникот. Во современи услови на војување, за

времето мора да се размислува преку кохерентен и целосен пристап. Дури и да се случи да има некаква форма на мировен договор, кој субјект би ја гарантирал неговата имплементација и во кој временски рок. Најверојатно, Русија нема да ги повлече своите трупи сè додека не бидат исполнети сите услови од евентуалниот договор, а прашање е колку украинското општество би било подготвено да ги прифати. Сè додека не биде склучен и целосно спроведен тој мировен договор, очигледно е дека Русија ќе продолжи воено да делува против Украина, предизвикувајќи сè поголема штета, туркајќи ја земјата кон хуманитарна катастрофа. Доколку пак не се постигне договор во брзо време, ќе се води долготрајна војна со многу послаб интензитет. Меѓутоа, голем број фактори негативно ќе влијаат, за едно такво сценарио да биде одржливо. Со други зборови, санкциите кои ги воведоа Западните сојузници ќе ја намалат способоста на Русија на подолг временски период да одржува значително воено присуство во Украина, што веќе резултира со значителни загуби на теренот и финансиски прошоци од десетици милиони долари дневно. Прашање е дали руските сили ќе можат да ја одржат контролата врз окупираните територии, бидејќи населението ќе остане лојално на Украина. И секако, економската и воената помош за Украина од страна на Западните сојузници, ќе го зајакне украинскиот отпор и ќе да го оневозможи секој иден руски напредок.

Во секој случај и двете страни во конфликтот ќе претрпат огромни штети. Економијата на Украина веќе е тешко оштетена од војната, со масовен одлив на капитал што започна уште пред Руската инвазија. Според украинските анализи, околу 30 % од економијата е затворена, додека ММФ проценува дека украинската економија може да се намали до 35 % оваа година. Оштетена е витална инфраструктура, вклучувајќи патишта, железници и мостови, а голем број пристанишни објекти на Црното Море се под руска контрола. Пристапувањето на Украина во ЕУ може да потрае со години. Најоптимално прифатливо сценарио за Украина би било членство во ЕУ, силна финансиска помош и руското повлекување од нивна територија. Ваков договор би ги охрабрил Украинците да прифатат можни отстапки како дел од одреден мировен договор и да ги држи на страна ултранационалистичките сили. Во случај на пролонгиран конфликт или слично друго сценарио, ќе има уште поразорен ефект врз украинското општество, вклучително и продолжување на војната што ќе им овозможи на екстремно десничарските движења да ги преземат воените и државните институции. Доколку руските сили не се повлечат, на долг рок тоа би значело поделба на земјата.

И руското општество и економија ќе се соочи со последиците од војната. Инфлацијата во Русија може да достигне и до 20 %, а БДП може да се намали меѓу 8 и 15 проценти оваа година. Санкциите си го направија своето и ја поткопаа способноста на Москва да го сервисира својот долг и резултираа со масовно повлекување на меѓународните компании од нејзиниот пазар, зголемувајќи ги стравувањата од големото зголемување на невработеноста. Многу години ќе бидат потребни за обнова на руската економија. За да го спречи јавното мислење против војната, руската влада започна акција на затворање на одредени медиуми, а повеќе од 15000 луѓе се уапсени поради протестирање против војната. Лицата кои што ја критикуваат војната се прогласуваат за предавници, а стравот од репресија протера многу руси од земјата, а според одредени проценки бројот на политички емигранти достигнува до 300000. Сепак на долг рок диктаторското владеење нема да успее да ја одржи власта и Москва ќе биде приморана да се прилагодува на поинаков политички и економски модел.

Очигледно дека Москва има многу причини да води долга војна. Прво, планираните цели се далеку од исполнување. Досега руската армија не се покажа за способна да ја принуди Украина на капитулација. По повлекувањето од регионот околу Киев, во Украина повторно се отвораат амбасади и во посета доаѓаат странски челници. Украинските сили го потопија рускиот воен брод „Москва“, што претставува пример за воената слабост на Русија. Русија веќе плаќа висока цена за своите постапки. Загубата на голем





број руски војници, материјални средства и техника и меѓународната изолација, ќе бидат дополнителна причина Москва да не прифати мир по секоја цена.  Пред инвазијата Русија имаше добра економија и врски со ЕУ и со САД, но само неколку недели подоцна, војната во Украина ги уништи овие меѓународни односи. Со текот на времето и руската економија ќе колабрира. Сè поизвесен е приемот во НАТО на Финска и на Шведска. Руската политика, наместо да ја ослабне, ќе ја зајакне НАТО Алијансата и трансатланските сојузници. Сето ова нема да ѝ помогне на Москва да ги намали своите загуби во Украина. Свесна за можните загуби, како варијанта за Москва е водење на пролонгирана долга војна, која ќе претставува параван за затскривање и одложување на поразот. Долгата војна ќе значи регрутација и обука на огромен број нови, свежи руски сили. Само доколку почне да се намалува поддршката за Украина од страна на западните сојузници, долгата војна ќе има позитивен исход за Русија. Досега украинските сили покажаа огромна пожртвуваност, подготвеност, истрајност и морал да се спротивстават на една од најголемите воени сили во светот. Зајакнати со беспилотни летала и модерно противтенковско оружје, ги зголемија одбранбените капацитети на својата армија. Руските офанзивни операции ги комплицираат мировните преговори за иден прекин на огнот. По сè изгледа дека Русија води војна против украинскиот народ, а потврда за тоа се извршените воени злосторства врз украински граѓани. Украинската влада и украинското население се покохерентни отколку пред војната. Договор, којшто би бил прифатлив за украинскиот народ, треба да ѝ овозможи на Украина да го зачува својот суверенитет, интегритет и безбедност. Тој договор најверојатно ќе зависи од натамошниот напредок на украинските сили на бојното поле. Доколку се избрза и се прифатат руските услови, може да се загрози благосостојбата на украинските граѓани и постоењето на Украина како независна држава.
Долготрајната војна за Украина сепак претставува сериозен политички предизвик. Ако војната се одолговлекува со години, Украина ќе мора да го одржува својот политички систем и демократија. Долготрајната војна во Украина би имала длабоки последици за европскиот континент, континент на кој ќе постои воена зона која може непредвидливо да ескалира. Егзодусот на украинските бегалци ќе продолжи, а со текот на времето мигрантите би можеле да одлучат трајно да се населат во Европа. Долготрајната војна во Украина би имала и последици на глобално ниво. Доколку војната се пролонгира, имајќи предвид дека Украина и Русија се главни производители на прехранбени производи, како што е пченицата, глобалниот глад ќе предизвика глобалната нестабилност. Долгоочекуваниот излез и крај на пандемијата ќе биде заменет со политички кризи, генерирани од ударните ефекти на војната во Украина. Како што војната се одолговлекува, санкциите против Русија ќе се зголемуваат, а цените на стоките, како нафтата на пример, ќе продолжат да растат. Економските ефекти ќе се почувствуваат низ цела Европа и ќе бидат платени, пред сè, од Европејците. Затоа, опасно е доколку времетраењето на војната се оддолжи, поддршката за Украина може да се намали, а побарувањата Украина да прифати прекин на огнот по секоја цена, би можеле да станат посилни. Сирија претставува пример за војна којашто е занемарена со текот на времето, непријатна за западните демократски општества. Поддршката за Украина е клучна затоа што тука не се работи само за Украина, туку и за европската безбедност и иднина. Но, ако се дозволи Русија да победи, никој нема да може да гарантира дека периметарот на руската агресија нема да се прошири.
Како крајна цел за Европа ќе биде да се зачува независноста и суверенитетот на Украина. На Украина ѝ е потребна истрајност и подготвеност за долга војна која ќе има далекусежни стратешки, политички и хуманитарни последици. Русија се обидува да го повтори сириското сценарио и се реорганизира за водење долга војна со крајна цел – пробив кон Запад и заземање на цела Украина, а повлекувањето од Киев беше привремен потег. Украина, која во моментов е на првата линија на одбрана на Европа, треба да издржи долга војна, војна која ќе ќе треба силно да биде поддржана од западните сојузници.

д-р Ненад Танески








# Под знамето на ОН

## Употреба на сила во мировните операции – делумна успешност (UNIFIL (1978 г.)

Советот за безбедност (СБ) при ОН, во март 1978 г., изгласал Резолуција за воспоставување мировна мисија во јужниот дел на Либан (United Nations Interim Force in Lebanon - UNIFIL), каде што беснеела племенска герилска војна (внатрешен конфликт)

Распоредувањето на „Сините шлемови“ на теренот во Либан било со цел:

- набљудување на повлекувањето на израелските сили од Јужен Либан;
- повторно воспоставување на меѓународниот мир и безбедност;
- помош на владата на Либан за враќање на нејзиниот авторитет во државата.

На терен (ридски, со многу клисури и кањони, идеален за герилски активности и многу тежок за распоредување конвенционални воени сили) мировниците се соочиле со нејасен и реално неостварлив мандат. Поставените задачи пред нив биле комплексни и со одредена доза на опасност. Пред сè, не постоел авторитет на владата на Либан на тој дел од државата, важен услов за успешно извршување на мисијата. Доминантен фактор со неформален авторитет во областа била Палестинската ослободителна организација (PLO). Од друга страна, пак, Христијанската либанска милиција, предводена од мајор Saad Haddad, иако нелегална, имала силна поддршка од Израел. Силите на ОН, формирани да одговорат на предизвици од справување со последиците од ваквата состојба, биле распоредени во области кои веднаш биле оспорени, не само од земјите инволвирани во конфликтот, туку и од PLO и од Христијанската милиција. Во одделот за политички прашања во ООН, веднаш предупредиле дека Либан најверојатно ќе биде „кошмар на миротворците“:

### Првите инциденти

Уште во текот на распоредувањето, мировниците наишле на акти на насилство и од страна на PLO и од страна на Христијанската либанска милиција, но морале да бидат воздржани да реагираат со сила против нив. Се ценело дека во оваа рана фаза силите на ОН сè уште биле неподготвени да преземат толкав ризик и дека во случај на вооружен конфликт со силите на теренот, мисијата би претрпела голема штета, а нивниот авторитет би бил доведен во прашање. За правилата за употреба на сила се дебатирало неколку пати на самиот почеток на мандатот на UNIFIL, како и за реакцијата на неколку инциденти меѓу мировните сили и за разни локални милиции на теренот. Традицијата да се бара одмазда за смртните случаи предизвикани случајно или намерно, карактеристично за Блискиот Исток, била голем предизвик за мировните сили. Локалното население ја применувала оваа филозофија и во конфликти со мировниците на ОН, дури и при употребена сила само во самоодбрана, како реакција на провокациите на локалните милиции. Ова било потенцијална опасност за вовлекување на „Сините шлемови“ во вооружени инциденти. Во април 1979 г., на бомбардирања во областа под одговорност на UNIFIL, контингентот на ОН од Гана возвратил оган, при што бил убиен еден член на Либанската милиција. Следел жесток напад на штаб на силите на ОН од страна на милицијата. Баталјонот за брзи реакции на базата, поддржан од францускиот логистички баталјон, жестоко се спротиставил на нападот. Откако загинал уште еден припадник на локалната милиција, од страна на локалното население бил побаран паричен надоместок од командата на UNIFIL, за да се избегне крвна освета. За да се зголеми притисокот врз мировниците, биле киднапирани тројца холандски војници од составот на „сините шлемови“. На пат да оствари средба со мајорот Haddad, командантот на UNIFIL, генерал Emmanuel Erskine, бил физички нападнат од локалната милиција. ОН го решиле проблемот со исплата на бараниот паричен износ. Ваквата постапка одела во прилог на сфаќањата дека секој може слободно да ја попречува мисијата на ОН на теренот, што претставува губење на авторитетот и кредибилитетот на „сините шлемови“.

Овие настани ја актуелизирале дебатата во ОН за воспоставување построги правила на ангажирање на UNIFIL, во ситуација на недостаток на соработка на страните во конфликтот. Од друга страна, војниците од Фиџи,

со богата борбена традиција, биле за прв пат во состав на мировни сили на ОН, и биле „тестирани“ од страна на страните во конфликтот. Сепак, тие наскоро се здобиле со репутација на цврстина, понекогаш користејќи и повеќе сила од онаа што другите мировници го сметале за соодветна. За разлика од останатите мировници, биле поподготвени за употреба на сила кога преговори не успевале, и не сакале да ги ризикуваат своите животи. Ваквиот став на контингентот на Фиџи и одговарал на Либанската влада, која и самата барала поенергични одговори на „сините шлемови“ на вооружени провокации.

## Инцидентот во Ат Тири

Најтешкиот вооружен инцидент меѓу силите на ОН и локалните бунтовници се случил во селото Ат Тири, во секторот на ирскиот мировен контингент, во април 1980 година. Тензиите започнале кога тенк и два џипа на Христијанската милиција пристигнале на контролен пункт пред селото, обезбедувано од ирски војници. Тенкот го истуркал ирскиот оклопен транспортер од патот за да им овозможи на џиповите да влезат во селото. Ирските војници започнале преговори за надминување на инцидентот. По извршена истрага од страна на претставници на командата на UNIFIL, во и околу селото милиција било побарано и безусловно ослободување на мировниците, а на силите на Haddad им бил даден ултиматум за повлекување од селото до следното утро. Иако биле ослободени само тројца ирски војници, ирскиот баталјон во областа бил нападнат. Ирскиот контингент одговорил на нападите. Подоцна, иако бил договорен прекин на огнот, тој не бил испочитуван од страна на Христијанската милиција. Следеле инциденти и наредните денови, во кои загинал еден војник од контингентот на Фиџи. Ова ги испровоцирало холандските војници, кои лансирале неколку противтенковни ракети кон тенковите на либанската милиција, што било проследено со уште посилен напад на милицијата врз командата на UNIFIL, вклучително и употреба на минофрлачи, артилерија, тенкови и тешки митралези. Нападот траел повеќе од четири и пол часа. По нападот биле утврдени големи штети на објектите и опремата од составот на силите на ОН, иако немало човечки жртви. По нападот била формирана единица за постојана одбрана на командата на UNIFIL.
Инцидентот во Ат Тири практично демонстрирал некои важни принципи на миротворството: решеноста на „Сините шлемови“ да го бранат селото била доказ за одлучност, со што се одржал



биле распоредени дополнителни сили на UNIFIL. Ваквата постапка на „Сините шлемови“, од аспект на мандатот и правилата за употреба на единици, ги инволвирала силите на UNIFIL во војна. Наредниот ден, на мировниците бил отворен оган од  пешадиско оружје од страна на локалните вооружени формации на Либанската милиција, на што мировниците одговориле соодветно. За време на борбите, девет ирски војници биле заробени од страна на силите на Haddad и командата на UNIFIL се согласила да преговара за нивно ослободување. Во преговорите Haddad се обидел да издејствува воспоставување своја команда во Ат-Тири, што било одбиено од страна на преговарачот на UNIFIL. Покрај тоа, од локалната кредибилитетот на UNIFIL, и тоа била јасна порака за противниците на мисијата. Силите на ОН се бореле во одбрана на мандатот и на сопствените единици; усогласеноста на преговарачките напори на СБ на ОН за решавање на проблемите со текот на одбранбените операции на силите на ОН на терен;постоењето интегрирана команда и единствена командна линија со единиците во борбените дејства.

## Редефинирање на правилата за употреба на сила

Во еден од извештаите од јуни 1980 г. до Советот за безбедност, ГС на ОН ја коментирал употребата на сила во мисијата UNIFIL, давајќи јасен став кон нејзината зголемена употреба: „Се смета дека применетите мерки им овозможуваат на контингентите на UNIFIL да реагираат цврсто и доследно на заканите или дејствијата насочени кон попречување во извршувањето на должностите од страна на силите на ОН. Но, употребата на сила во самоодбрана сама по себе нема да постигне значителен напредок во спроведувањето на мандатот на UNIFIL. Мировната операција мора да ги постигне своите главни цели и со други средства, не само со употреба на сила, и ова видување секако важи за UNIFIL. После ова започнале неформални дискусии за воведување нови мерки, меѓу члековите на Советот за безбедност и контрибуторите со воени единици во Либан. Предлозите вклучувале измени во постоечките наредби, со цел да се легализира отворање оган од страна на припадниците на UNIFIL во одредени ситуации: кога мировниците се нападнати и се пука кон нив со намера да се убие; во обиди за инфилтрирање (нелегално навлегување) во област под контрола на силите на UNIFIL со цел заземање нови позиции; во случај на непочитување и одбивање на стриктни наредби од мировниците на ОН.
Во тек на дебатите, реакциите меѓу земјите кои придонесуваат со војници во мисијата, биле негативни. Но, дискусиите по овие прашања продолжиле. Со тек на времето и силите на ОН се стекнувале и со поголемо искуство на теренот и ситуацијата на теренот се менувала. Правилата за употреба на сила не отстапувале драстично од воспоставената пракса на теренот.
До јуни 1990г. UNIFIL имале 130 жртви од непријателски дејствија, што било најголем број на жртви во споредба со тековните мисии на ООН во тоа време. Најмногу убиени и ранети припадници на UNIFIL имало на контролните пунктови на патиштата, при контролите на внесување на оружје, муниција и обиди за влез на вооружен персонал во одредени области. Оперативната практика се разликувала меѓу националните контингенти, што не придонесувало кон воена кохерентност и кредибилитет на UNIFIL. Повеќето баталјони биле ротирани на секои шест месеци, само што се достигнувала фаза кога тие биле ефективни. Бил нарушуван континуитетот на теренските операции. Ова често се совпаѓало со зголемениот степен на насилство на теренот. Локалната милиција и другите вооружени групи ги тестирале новодојденците во нивната еластичност и решителност. Проблемите во Либан биле предизвикани повеќе од несогласување помеѓу страните во конфликтот околу основните цели на мисијата на UNIFIL, отколку од недостаток на средства и можности на ангажираните сили. Во тој период, тоа било и главна причина што барањата на генералниот секретар на ОН за успешна мисија биле само делумно исполнети.

М.С.




# ГЛОБСЕК 2022

ГЛОБСЕК е глобален тинк-тенк со седиште во Братислава, посветен на подобрување на безбедноста, просперитетот и одржливоста во Европа и во целиот свет. Тоа е независна, непартиска, невладина организација. Неговата мисија е да влијае на иднината преку генерирање на нови идеи и решенија за подобар и побезбеден свет. За оваа цел придонесува и годишниот ГЛОБСЕК 2022 Братислава форум, една од водечките конференции за глобална безбедност во светот

Овогодинешниот самит на ГЛОБСЕК, наречен „Самит на првите линии на војната", се одржа од 2 до 4 јуни 2022 година со главна тема „Градење отпорност во поделен свет". Повеќе од 1500 јавни личности, глобални и деловни лидери, се сретнаа лично за да се соочат со актуелните прашања во светот управуван од кризи, вклучително и враќање на стабилноста во услови на нова ера на геополитички конфликти; зајакнување на отпорноста во сферата на енергетската безбедност, здравствената заштита, одржливоста, сајбер и технологијата, а меѓу другото и одржување на економскиот раст, како и одбрана на демократијата. Поддршката за Украина беше главното прашање, но на ГЛОБСЕК 2022 се разгледуваше и геополитиката, подобрувањето на здравствената заштита, иновации и технологија, зајакнување на отпорноста и улогата на медиумите во време на кризи. Во фокусот беа и Стратегијата на Западот кон Русија за време на Путин и пост-Путин, развојот на отпорноста и енергијата на ЕУ, сајбер- издржливоста и иднината на односите Запад-Кина. Во текот на трите дена на Форумот, се одржаа 45 главни панел сесии со 130 говорници. Имаше 36 сесии зад затворени врати и повеќе од 150 билатерални и мултилатерални состаноци. На настанот присуствуваа повеќе од 140 новинари од повеќе од 55 регионални и меѓународни медиуми и околу 1500 учесници од 80 земји. Претседателот на Украина во своето он-лајн обраќање истакна: „Мора да одговориме на сите предизвици и опасности што Руската Федерација ги создаде против нас. Не постои област од нашите животи во која нема катастрофа, криза или закана од катастрофа или друг вид на криза како последица на дејствијата на Русија. Квалитетот на нашите одговори директно зависи само од една работа – нашето единство. Секоја поделба во Европа е шанса за Русија. За таа да продолжи со својата агресивна политика". Урсула фон дер Лајен, претседателката на Европската комисија во своето обраќање повика на единство и поддршка за обновата на Украина и напорите на нејзиниот пат кон пристапување во ЕУ. Таа најави дека ЕУ ѝ помага на Украина со платформа која ќе ги насочи сите финансиски извори за да го поттикне реформскиот процес. Реагирајќи на директниот повик за поддршка за членството на Украина во ЕУ од страна на украинскиот претседател Володимир Зеленски, фон дер Лајен рече: „Не е само наш стратешки интерес, туку наша морална должност е да овозможиме Украинците да се приклучат на ЕУ".
Во дискусијата во која учествуваа четворица новинари кои известуваат за Русија, нејзината пропаганда,





слободата на говорот и слободата на медиумите, главниот уредник на „Киев индипендент“, Олга Руденко нагласи: „Пред војната претседателот Зеленски беше критикуван од медиумите. Сега неговото воено раководење се пофалува 24/7. Но јас сум загрижена од ефектот на пофалбите“. Панелистите се осврнаа и на прашањата за лажните вести и руската пропаганда нагласувајќи: „Ако основните новинарски вредности се релевантни, тогаш треба да се бориме против лажните вести“. Презенитраниот извештај  за трендовите на Глобсек за 2022 година, главно покажува како војната во Украина ја промени перцепцијата на Источноевропејците за Русија. Последователно, во сите анкетирани земји, освен во Бугарија, се зголеми подготвеноста за останување во НАТО, додека Германија и САД сега се сметаат за најважни стратешки партнери за земјите од Централна и Источна Европа.

Во однос на здравствената заштита беше нагласено дека Комисијата на ЕУ и СЗО треба да имаат посилна позиција, а Комисијата на ЕУ треба да се засили на поагресивен начин.

На темата: „Нова атмосфера во ЕУ за Западен Балкан: Како добрата волја да се претвори во конкретни чекори?“ На панелот наречен „Сега или никогаш: Отклучување на европската иднина за Западен Балкан“ се констатираше дека како резултат на војната во Украина по подолг период во Брисел, постои свест дека Западен Балкан не треба да се остави во неизвесност. „Останува да се види дали тоа ќе се претвори во конкретни акции“, рече специјалниот претставник на ЕУ за дијалогот Белград-Приштина и другите регионални прашања од Западен Балкан, Мирослав Лајчак. Тој нагласи дека развојот на настаните во последните пет години во однос на проширувањето не бил позитивен. „Има намалена посветеност на ЕУ кон Западен Балкан, можеби дури и недостаток на консензус и впечаток дека регионот е на безбедно место. ЕУ брзо ја губи популарноста и кредибилитетот на Балканот“. Тој, сепак, додаде дека руската војна против Украина е драматична промена и дека, со сета трагедија, тоа е малку позитивна вест за Балканот.

Премиерот на Република Северна Македонија Димитар Ковачевски рече дека од перспектива на Северна Македонија, пристапот во ЕУ требаше да биде процес заснован на заслуги. „Ако земете пет последни извештаи за нашиот напредок, сите тие се позитивни. Проблемот е што една земја може да го блокира напредокот на земја кандидат, што се случува во случајот со Северна Македонија, а тоа се случува на чисто политичка основа“, рече тој. Од друга страна има геополитички моментум, додаде Ковачевски.„Ако нема одлука за Западен Балкан, кредибилитетот на ЕУ се намалува, а кога кредибилитетот се намалува, национализмот се зголемува. Клучното прашање е да се испрати јасна и храбра одлука за Западен Балкан после јуни“, рече премиерот на Северна Македонија.

Лидерите на Косово и Црна Гора беа прашани и за фактот дека нивните земји се уште не се приклучиле на иницијативата Отворен Балкан, во која членуваат Албанија, Северна Македонија и Србија. Курти рече дека Косово многу го поддржува „Берлинскиот процес 2.0“, кој доби нов почеток од страна на канцеларот Шолц. „Ние поддржуваме иницијативи со вредности на ЕУ внатре и морам да кажам дека ниту како политичка ориентација, ниту со културна чувствителност не сум меѓу оние лидери кои веруваат во балканската самодоволност“, истакна Курти.

Мило Ѓукановиќ призна дека во Црна Гора има различни мислења за иницијативата, алудирајќи на поддршката на иницијативата од премиерот Дритан Абазовиќ. Сепак, тој рече дека лично го поддржува Берлинскиот процес. Во завршниот дел претседателот на Глобалниот форум за безбедност (ГЛОБСЕК) Роберт Вас рече „Не само победата, туку и обновата и реконструкцијата на Украина е важна“. Тој истакна дека Европа цврсто стои со Украина и повтори дека континуираната политичка и воена поддршка е навистина неопходна. Во своите завршни зборови на форумот, тој исто така спомена дека Централна Европа треба да биде лидер во процесот на обезбедување единство, „бидејќи само обединети опстојуваме“.

м-р Билјана Поповска




# Синдикални спортски игри 2022 година „Победи ако можеш, изгуби ако мораш – но, никогаш не се откажувај ! “

Игрите започнаа на 27 мај на терените за спортски активности кои се наоѓаат во склоп на хотелот „Десарет“ на брегот на Охридското Езеро. На 27 мај, на првиот ден од игрите, односно на свеченото прогласување на игрите за отворени, како гости беа поканети претседателот на Синдикатот на одбраната на Војската на Црна Гора ( SOVCG – Sindikat odbrane Vojske Crne Gore), господинот Горан Драгишиќ и советникот за одбрана на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, господинот Драган Василевски. На отворањето на Третите синдикални спортски игри присуствуваше и министрката за одбрана на Република Северна Македонија, Славјанка Петровска. Министерката за одбрана им се обрати на учесниците на синдикалните игри-припадници на Министерството за одбрана и на Армијата на Република Севрна Македонија, и им посака на сите учесници-членови на Независниот синдикат на одбраната на Република Северна Македонија, да се забавуваат натпреварувајќи се, да го развиваат и да го одржуваат спортскиот дух, она што е типична карактеристика за припадниците на Армијата, да се дружат меѓусебно и преку игра и забава

Од 27 до 29 мај во хотелот „Десарет“ во Охрид, сместен покрај самиот брег на прекрасното Охридско Езеро, се одржаа третите по ред Синдикални спортски игри на Независниот синдикат на одбраната. Учесниците на Синдикалните игри оваа година се натпреваруваа во дисциплините одбојка, фрлање пикадо, брзо трчање, односно т.н. игра „штафета“ и влечење јаже

да го одржуваат спортскиот дух, односно да се зачува она што е најважно кога станува збор за игри од овој тип. Своето обраќање министерката за одбрана го заврши со зборовите: „Победи ако можеш, изгуби ако мораш – но, никогаш не се откажувај!“, што, воедно, беше и мотото на овогодинешните Синдикални игри.
 Претседателот на Независниот синдикат, Ванчо Исаиев, ѝ се заблагодари на министерката за одбрана, Славјанка Петровска, за поддршката и за прекрасната заедничка соработка со Синдикатот на одбраната. Во знак на благодарност, претседателот на Независниот синдикат на одбраната ѝ додели на министерката за одбрана Благодарница за успешната соработка. Покрај спортските натпревари, кои се одвиваа беспрекорно и во спортдки дух, првата вечер беа организирани и неформални натпревари во најбрзо испивање на пиво, најбрзо јадење на колач шампита, со цел да се подигне расположението кај сите учесници на Синдикалните игри. Вечерта помина во многу добро расположение, со многу смеа и пријателско дружење. Втората вечер беше свеченото доделување на наградите. И двете вечери беа обележани со музика, песна и танцување.
Целокупен победник на овие Синдикални спортски игри беше Кумановско-штипскиот регион. На учесниците кои освоија прво, второ и трето место, им беа доделени пехари и медали.Целокупниот заклучок за третите по ред Синдикални спортски игри е дека тие поминаа одлично, со многу забава, дружење и во вистински спортски дух.

м-р Ксенија Митева

# Државен натпревар

На 4 јуни, на стрелилштето „Долно Оризари", се одржа традиционалниот натпревар во гаѓање со пиштол 7,62 мм на кој учествуваа 100 резервни офицери и подофицери од 20 ООЕ, меѓу кои, Скопје со 5 екипи, а Свети Николе и Велес со по 3 екипи. На државниот натпревар учествуваа и 6 резервни офицери:



жени-активисти на Секцијата на резервни офицери-жени, од кои: 3 од Делчево, 1 од Скопје, 1 од Велес и една од Демир Хисар. Еднодневните активности на натпреварот ги следеше полковник Неџат Лимани, претставник на Командата на резервни сили со која ОРОРСМ остварува коинтинуирана соработка. Раководителот на натпреварот, поручник Берат Беслими од КОД ги запозна учесниците со безбедносните мерки на стрелиштето, како и со неопходните постапки при гаѓањето како предуслов за остварaување добри резултати. Во рекапитуларот на остварените резултати, за најдобри беа прогласени: Кичево (1.место), Радовиш (2.место), и Демир Хисар (3.место). Поединечно, најдобри беа: Живко Ѓорѓиоски од Кичево (со 45 погодоци), Зоран Мирчески од Кичево (со 43 погодоци), и Јован Јовановски од Радовиш (со 42 погодоци). На најдобрите активисти во Велешката организација, преседателот Борис Алчев им врачи Јубилејна значка на ОРОРСМ и Благодарница. (Со овие признанија се закитија 9 активисти на ОРОРСМ). Јубилејна значка и беше врачена и на Командата за обука и доктрини за досегашната одлична соработка во остварувањето на многубројните активности со ООЕ на ОРОРСМ Велес. Еднодневното дружење заврши со заеднички ручек – традицоналното војничко гравче во касарната „Алекса Демниевски-Бауман" во Велес. За успешната реализација на овој натпревар значаен е и придонесот на домаќинот – Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРСМ Велес со кој раководи резервниот поручник Борис Алчев.

# Чествување

Негувањето на слободарските традиции и чествувањето на значајните настани од поблиското и подалечно минато, претставуваат приоритетни активности, вградени во годишните програми на општинските организациони единици на ОРОРСМ. Во духот на ваквите програмски определби на Организацијата, на 5 јуни годинава, во Битола беше одбележана 21-годишнина од загинувањето на тројнцата бранители на татковината (Влатко Миленковски, Благојче Силјановски и Пеце Матичевски). Тие, како припадници на Баталјонот на Воената полиција, од заседа биле подмолно убиени, а потоа масакрирани во близина на селото Гајре. На овој ден (5 јуни 2001 година), на патот Шупковица –Гајре, во заседа, слична како и во Вејце, албанските терористи ги масакрирале и младите припадници на безбедносните сили: Кољо Китанов и Исак Руфати.
По овој повод, пред споменикот „Ангел", во паркот кај Градскиот



часовник и пред спомеником посветен на загинатите бранители, свежо цвеќе положија: градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски; градоначалникот на Општина Новаци, Стевче Стевановски; Советот на Општина Битола, Одделението за одбрана Битола; АРСМ; ООЕ на ОРОРСМ Битола и семејствата на загинатите. Во чест на загинатите бранители, како што ни изјави во краткиот разговор Оливер Митевски, член на Собранието на ОРОРСМ, е одржан традиционалниот меморијален турнир во мал фудбал „Благојче, Влатко, Пеце", во кој победи екипата на АРСМ – гарнизон Прилеп, со кој раководи потполковник Славчо Кузманоски.

# Значајна општествена активност

Активисти на Тетовската организација на резервните офицери со која раководи резервниот поручник, м-р Радислав Коруновски, организираа еднодневна активност во регионот на



село Беличица, Гостиварско.Во првиот дел беше организиран кондиционо-едукативен марш во близина на с.Беличица, а во вториот дел, хортикултурно уредување на спомен-обележјето од крвавиот судир помеѓу припадниците на Третиот тетовски партизански одред и балистичките паравоени формации кои, како соработници на окупаторот дејствувале во Западна Македонија. Како што е познато, во овој крвав масакр на 19 септември 1944 година, загинати се 21 борец на Одредот, 18 цивили се живи запалени, а 38 куќи се опожарени.
Во оваа пригода, градоначалникот на Општина Маврово – Ростуше, Медат Куртовски, им изрази благодарност на активистите, а претседателот на Извршниот одбор на ОРОРСМ Тетово, м-р Коруновски, на Општина Маврово – Ростуше и на градоначалникот, им врачи Благодарница за нивната успешна соработка.
Како што нè информираше м-р Коруновски, активистите имале можност да ја посетат и родната куќа на првоборецот и долгогодишен општественик Живко Брајковски. Оваа значајна општествена активност беше силно поддржана од месното население на с. Беличица.

Живко Трајановски




# НАТО Симпозиум на команданти на воени воздухопловства

## Воздухопловната команда на НАТО во Рамштајн, Германија,март 2022 година

Еден од најголемите настани на воздухопловните сили и на командантите на воените воздухопловста два пати годишно е претставен од лидерите на воздушните и вселенските сили кои разговараат за актуелни прашања, обезбедуваат ажурирања и разменуваат лекции или најдобри практики од нивните домени. Овие меѓусебни интеракции градат доверба и взаемни односи на соработка помеѓу шефовите на воздухопловствата во Алијансата и партнерите на НАТО. Резултатот е заедничка визија за воздушната моќ што овозможува да се дејствува брзо и ефикасно, со цел да се обезбеди колективната одбрана и безбедноста, поддржани во одреден сегмент од секоја членка на НАТО. Од 2014 година, Сојузничката воздушна команда на НАТО ја одржува Конференцијата на националните команданти на воздухопловните сили со претставници од земјите партнери, меѓународниот воен штаб на НАТО и Сојузничката воздушна команда за да продолжи дијалогот и практичната соработка за широк опсег на прашања поврзани со безбедноста во воздушниот домен. Истакнувајќи ја важноста на конференцијата како форум кој сака да ја подобри безбедноста за пошироката меѓународна заедница,



во тоа време командантот на сојузничката воздушна команда, генералот Tod D. Wolters ја истакна одличната можност да се прикажат Сојузничките воздушни и вселенски сили и партнерите на НАТО од целиот свет, со цел да се изгради меѓусебна доверба и да се постигне заедничко разбирање за она што е важно за НАТО и партнерските воздухопловни сили, а тоа е професионалната испорака на воздушна моќ.
Оваа година во AIRCOM се одржа првиот симпозиум од двата редовни симпозиуми  на ниво на команданти на воздухопловните сили на НАТО. На овој настан учество зеде и претставник од воеnото воздухопловство на Северна Македонија како НАТО членка. Под заедничкото мото да се работи во интерес и заштита на територијалниот и воздушниот интегритет и суверенитет на Алијансата, високите претставници на сојузничките и партнерските

воздухопловни сили се состанаа на првиот симпозиум за да разговараат и да ги споделат перспективите за воздушната и вселенската моќ. Наспроти позадината на сегашната војна што Русија ја започна во Украина, учесниците разговараа за воздушните активности во стратешкиот контекст на НАТО и за поддршка на тековното одвраќање и одбрана на евроатлантската област. Извршувајќи мисии 24/7 за да се одбранат границите на Алијансата, патролирањето во воздушните простори на нациите е доказ за професионалноста и тимската работа на колективна одбрана на воздухопловните сили. Во таа прилика генералот Jeff Harrigian, командант на Сојузничката воздушна команда на НАТО (AIRCOM) посака успешна работа преку споделување на искуствата и научените лекции во текот на овој симпозиум. Исто така, Командата даде осврт на значењето на воздушната моќ која го предводи патот со борбените авиони кои извршуваат одбранбени воздушни патроли, обезбедуваат тревога за брза реакција, собираат разузнавачки информации, обезбедуваат команда и контрола и извршуваат мисии за полнење гориво од воздух 24/7 за одбрана на границите на Алијансата (неспорен факт во посветеноста на колективната одбрана на воздухопловните сили). Во таа насока, системот на НАТО интегрира: команда и контрола, контрола на воздушните мисии, контрола на воздушниот сообраќај, набљудување и управување со воздушниот простор, како и управување со ресурсите.
Оваа команда е поддржана од страна на двата комбинирани центри за операции во воздухот (Combined Air Operations Centres - CAOC) лоцирани во Torrejon, Шпанија и во Uedem, Германија, како и еден распоредлив центар за воздушна команда и контрола (Deployable Air Command and Control Centre - DACCC) во Poggio Renatico, Италија.
Тежина на настанот и дискусиите дадоа обраќањата на двата Врховни команданти на НАТО, генералот Tod D. Wolters (Supreme Allied Commander Europe - SACEUR) и генералот Philippe Lavigne (Supreme Allied Commander Transformation - SACT). И двајцата високи команданти-воздухопловци им се обратија на присутните преку видеоконференциска врска. Генералот Tod D. Wolters ја изрази својата благодарност до сите команданти и претставници на воздухопловните сили за одличната соработка помеѓу нациите во рамките на НАТО и ја пофали флексибилноста и одговорноста на воздушниот домен. Врховниот командант на сојузничките сили за трансформација, се осврна на модернизацијата преку дигитална трансформација и димензијата на човечките ресурси. „Потребни ни се повеќе иновации за да ги модернизираме нашите способности, но и нашите процеси. Дигитално трансформираната Алијанса ќе обезбеди подобра ситуациона свест, побрзо донесување одлуки со искористување на операциите на повеќе домени, а нашата цел треба да биде секој поединец да стане воин за податоци, постојано барајќи да го оптимизира начинот на кој ги користиме податоците како стратешко средство“ заклучи генералот Lavigne. Особена чест и задоволство беше да се присуствува на овој настан, посебно затоа што во оваа пригода свое учество и обраќање имаа командантите на францускитe, германските, италијанските, полските и романските воздухопловни сили со ажурирани брифинзи за актуелни прашања од областа на воздушната и вселенската моќ. Поранешниот висок претставник во AIRCOM, а сега воен советник на генералниот директор на Европската организација за безбедност на воздушната навигација (EUROCONTROL), генерал-мајор Karsten Stoye, даде ажурирање за тековната и идната соработка со државите за обезбедување технички и оперативни решенија за заедничко цивилно-воено управување со воздушниот сообраќај.

**Сојузничката воздухопловна команда на НАТО (Headquarters Allied Air Command - HQ AIRCOM) во Рамштајн, Германија, е домаќин на симпозиумите на ниво на воздухопловни команданти на НАТО и партнерите**

Здружената воздушна команда е централна команда на сите воздушни и вселенски сили на НАТО, а командантот на Сојузничката воздушна команда е главниот советник за воздух и вселена на Алијансата. Нејзината улога е планирање и реализација на операции и мисии на Алијансата од областа на воздушната и ракетната одбрана. Во декември 2019 година, шефовите на држави и влади на НАТО ја прогласија вселената како „петти домен“ на операциите на Алијансата, заедно со копнениот, морскиот, воздушниот и сајбер доменот. Од 1 јануари 2013 година, по деактивирање на Сојузничката воздушна команда од Измир, Командата е преименувана во Сојузничка воздушна команда (Allied Air Command – AIRCOM). Командантот на Сојузничката воздушна команда во Рамштајн, воедно е директор на Здружениот компетентен центар за воздухопловство во Калкар, Германија. Тој е одговорен пред врховниот сојузнички командант за Европа за воздушна и ракетна одбрана на земјите членки на НАТО. Неговата команда обезбедува зачувување на територијалниот интегритет на Алијансата од Северна Норвешка до Јужна Италија и од Азорските Острови до Источна Турција, вклучително и на секоја европска нација во НАТО. Во случај на заедничка операција на НАТО, тој е одговорен командант на воздушната компонента, а истовремено е командант на воздушните сили на САД во Европа и на воздушните сили на САД во Африка.




Драган Павловски

**Во годинава кога одбележуваме 30-годишен јубилеј од формирањето на македонската одбрана и Армија, достојно е да се потсетиме на почетоците, на никулците на македонскиот одбранбен систем. Всушност, осамостојувањето на Република Македонија (РМ) во 1991 година не ќе беше целосно завршено, доколку македонското државно раководство не направи одлучни чекори во насока на градење одбранбен систем за заштита на суверенитетот и интегритетот на територијата и населението со сопствени вооружени сили. Оттаму, изградбата на системот на национална одбрана на РМ  и формирањето на македонски вооружени сили во ликот на Армијата на Република Македонија (АРМ) во 1992 година, како еден од најважните атрибути на државноста, претставуваше заокружување на процесот на осамостојување на државата. Изминатите три децении од формирањето на АРМ од историски аспект во светлото на триесетгодишниот јубилеј од нејзиното формирање и градењето на независен македонски одбранбен систем, заслужуваат особено внимание.**
**Првичните напори на РМ беа самостојно да го гради сопствениот систем за одбрана и одбранбена стратегија, а АРМ да се доградува, опремува и обучува за да може да одговори на сите видови закани и загрозувања на безбедноста и територијалниот интегритет на државата.**
**Во овој и во наредните изданија на магазинот „Штит“, ќе се потсетиме на сложеноста, динамичноста и специфичноста на условите во кои се поставуваа темелите на македонската одбрана и Армија, на нејзиниот развој и на изградбата на одбранбено-безбедносниот систем на РМ, на нејзината улога во конфликтот во 2001 година, како и на нејзиниот огромен придонес во напорите на РМ во процесот за евроатлантските интеграции.**



# 30-годишен јубилеј од формирањето
## Од идеја до изградба на систе

Во последните денови од март 1992 година, напоредно со голем број активности, македонските старешини, веќе распоредени во касарните, вршеа подготовки за обезбедување на соодветни услови за живот и работа на војниците-регрути. Состојбата во касарните кои ги остави ЈНА беше катастрофално лоша. Спротивно на Договорот „Глигоров-Аџиќ“, ЈНА ги предаде касарните и објектите девастирани и руинирани. Беше очигледно дека објектите се намерно оштетувани и вандализирани, што наликуваше на своевидна диверзија и деструкција од страна на ЈНА во заминување. Поради тоа беше потребен силен напор, многу работа и ентузијазам на старешините на АРМ  за обезбедување на минимум потребни услови за прием на првата генерација регрути. Офицерите и подофицерите самостојно вршеа варосување, чистење, поправка на инсталациите, електриката, столаријата и слично. За голем успех може да се смета фактот што за многу краток временски период се ставија во функција военоздравствените установи, економиите, библиотеките, Военоугостителската установа „Вардар“, војничките клубови, кантините, интендантските сервиси, пералниците, пекарите, градежните секции и сé останато, што беше неопходно за нормално функционирање на касарните.
По завршувањето на сите подготовки, на 14 април 1992 година, во касарната во Охрид пристигна првиот македонски регрут, Пане Јамандиев од Велес, а на 15 април во касарните во Скопје, Битола, Штип и Охрид беше примена првата генерација млади војници во АРМ, со што и започнува формирањето на вооружените сили на Република Македонија.
При изготвувањето на првата воена формација на АРМ, воеността и цивилно раководство се соочило со уште еден сериозен предизвик од персонална природа. Од една страна проекциите покажувале потреба од помала воена структура со помал број старешински места од бројот на старешини кои им биле на располагање. Всушност, на АРМ пред сè ѝ биле потребни помлади старешини со пониски чинови кои ќе ја спроведуваат обуката со регрутите, а фактичката состојба биле дека бројката на повозрасните старешини со високи чинови е многу поголема. Од друга страна, Одлуката на Владата на РМ дека ќе ги прифати сите старешини и граѓански лица кои одлучиле да ја напуштат ЈНА, ги обврзуваше авторитетите за секого да биде обезбедено соодветно работно место. Поради тоа, МО мораше да ги решава



# ...на македонската одбрана и Армијата ...ем на национална одбрана (5)

статусни прашања на сите старешини, без разлика на потребите кои произлегуваа од воената формација. За оваа состојба постоел став на Владата, по стабилизирањето на состојбата, бројката на старешини да се намали и да се усогласи со воената формација. Но, овој став на Владата никогаш не бил спроведен, што многу негативно ќе влијае во подоцнежните години од развојот на АРМ. Првата организациско-формациска структура на АРМ беше така замислена за да ги исполни предусловите наведени во Уставот на РМ, како и да обезбеди работни места на сите старешини кои ѝ се ставиле располагање на државата. По консултации меѓу МО и претседателот Киро Глигоров, во последен момент се извршени



*Знаменскиот вод на свечена заклетва во касарната „Илинден" на 9 мај 1992 година*

определени корекции во формацијата на АРМ, со следниве измени: за местото заменик во МО наместо воено лице да се постави цивил, а укинати се позициите командант на Армијата и НШ на Армијата. Останатата структура била како што било предложено од воениот врв: Генералштаб како највисоко стручно тело за командување и контрола, оперативни единици групирани во три армиски корпуси и останати самостојни единици, директно потчинети на ГШ на АРМ.

## Модел на одбраната – еднокомпонентни вооружени сили со постојан и резервен состав

Уставот предвидуваше АРМ да биде малубројна, технички добро опремена, подвижна и со прецизни задачи во мир и во војна. Постојаниот состав на АРМ се состоеше од воени старешини, војници на отслужување на воениот рок, граѓански лица на служба во АРМ и војници по договор, и истиот требаше да претставува јадро за развој на воениот состав на вооружените сили на Р.Македонија. Постојаниот состав на АРМ требаше да се организира, да се оспособува и да се подготвува за заштита на државната граница, да се спречи ненадејна агресија, успешно да се справи со првиот удар на евентуалниот агресор, да овозможи услови за успешна мобилизација на резервниот состав, формирање и развој на воениот систем на вооружените сили и други субјекти на одбраната, како и непречен премин на органите на државната власт, претпријатијата, јавните установи и локалната самоуправа на работа од мир во воени услови.

Моделот на одбраната за кој се определи РМ предвидуваше вооружените сили да бидат единствени (еднокомпонентни), составени од постојан (некои го нарекуваат редовен) и резервен состав, а не како што некои инсистираа, тие и понатаму, по теркот на СФРЈ, да бидат двокомпонентни, составени од редовна и резервна компонента и, дополнително, територијална одбрана. Армијата се организираше во видови, а тие понатаму во родови и служби. Видовите на АРМ беа копнена војска (КОВ) и воено воздухопловство и противвоздушна одбрана (ВВ и ПВО), додека родовите на АРМ беа пешадија, артилериско-ракетни единици (АРЕ), оклопно-механизирани единици (ОМЕ), инженерија, противвоздушна одбрана (ПВО), атомско-биолошко-хемиска одбрана (АБХО), единци за врски, а по потреба и други родови. Службите во АРМ беа: техничка, интендантска, санитетска,

ветеринарна, финансиска, градежна и по потреба и други служби. Според првата организациско-формациска структурата во 1992 г., Армијата се состоеше од Генералштаб, три армиски корпуси, команда на ВВ и ПВО, односно, вкупно, 19 бригади, 7 полкови и 25 самостојни баталјони, како и 4 бригади, 2 полка и 2 баталјони директно потчинети на ГШ. Во постојаниот активен состав бројната состојба на АРМ беше проектирана на 22.000 припадници, додека во резервниот состав беа предвидени 44.000 припадници. Структурата на корпусите, бригадите и самостојните баталјони беше определена во „А“, „Б“ и „В“ класификација, според нивната пополнетост и борбената готовност. Командите и единиците на АРМ се пополнуваа со војници на отслужување на воениот рок-регрути, а воениот рок беше предвиден да трае 9 месеци. На секој од корпусите му беше одреден дел од територијата на РМ како зона на одговорност. Корпусите беа составени од бригади со „Б“, односно „В“ класификација, на кои им беа одредени зони на одговорност внатре во корпусот на кој припаѓаат. Треба, сепак, да се истакне дека сите формациски целини кои се создаваа, наликуваа на оние од поранешната ЈНА. Факт е дека во тоа време не постоеја сознанија и искуства како поинаку да се градат формациските целини.



*Шема-1. Структура на Генералштабот на АРМ во 1992 година*



*Шема-2. Структура на АРМ во 1992 година*

## АРМ во 1992 година беше за две третини побројна од денес

Старешините вратени од поранешната ЈНА се залагаа за што поголема бројност на АРМ. Од денешна временска дистанца, колку одлуките се производ на времето и условите во кое се живее и твори, се гледа во тоа што таа малубројна АРМ од 1992 година беше за две третини побројна од сегашната формација во 2022 година како членка на НАТО. Со регрутите распоредени низ касарните на АРМ, веднаш се започна со интензивна обука. Во обучувањето на единиците на АРМ беа користени знаењата и искуствата на старешините од поранешната армија. Императив беше што е можно побргу да се обучат и оспособат единици кои ќе ја растеретат ТО од обезбедувањето на воените објекти и пред сé од обезбедувањето на државната граница.

Еден значаен историски настан треба посебно да се истакне. Свечената заклетва на првата генерација на регрути беше закажана за 9 мај 1992 година. Поради важноста и значењето на настанот, беше одлучено полагањето на свечена заклетва на регрутите за единиците од гарнизонот Скопје, односно централната прослава да се одржи во касарната „Илинден“ во Скопје. Настанот имаше огромно политичко и меѓународно значење, па поради тоа на свечената заклетва како гости беа најавени претседателот на државата Киро Глигоров, претседателот на Владата Никола Кљусев, претседателот на Собранието Стојан Андов, пратеници во Собранието, министри во Владата, претставници на верските заедници, на дипломатскиот кор и меѓународната заедница, а целиот настан беше проследен со директен пренос на Македонската радио-телевизија. За прв пат, во поновата македонска историја, македонските војници полагаа свечена заклетва во слободна, суверена, независна Р.Македонија, на македонски јазик и пред македонско знаме. Авторот на овој фељтон ја имаше честа на првата свечена заклетва на војници во слободна и независна Македонија, одржана на 9 мај 1992 година, да биде знаменосец на македонското знаме.

Во текот на мај и јуни 1992 година, логистичките служби на АРМ, со поддршка на текстилната фабрика „Тетекс“ од Тетово, ја креираа новата борбена униформа на АРМ, модел „М-92“, новата службена униформа за старешините, како и чиновите, ознаките и другите симболи на АРМ. На 3 јуни 1993 година, Владата донесе одлука со која 18 август, денот на формирањето на Баталјонот „Мирче Ацев“ во 1943 година на Славеј Планина, го прогласува за Ден на Армијата на Република Македонија. Истата година, 18 Август, како Ден на АРМ, за прв пат беше прославен во сите команди и единици, во сите касарни и гарнизони низ РМ.
(продолжува)

д-р Павле Арсоски, генерал-мајор



# Спознајна пристрасност и воена измама

Според Мериам Вебстер, измама е „чин на присилба врз некого, со цел да го прифати како вистинито или важечко она што е лажно или неважечко“, а според речникот на Кембриџ, измама е „чин на криење на вистината, особено за да се добие предност“. Во едно цивилизирано општество измамата е појава која се презира, иако е дел од човековата природа. За време на изведувањето на воени дејства, пак, од друга страна, измамата се прифаќа како доблест

Успешен командант секогаш ќе настојува да ги сокрие можностите и намерите на своите сили од противникот, истовремено извршувајќи активности кои прикажуваат лажна реалност и се наменети за да го присилат непријателот на постапки кои не се во прилог на извршување на неговите задачи и намери. Психолозите, спознавателната пристрасност ја дефинираат како системска грешка во размислувањето која се јавува кога луѓето обработуваат и толкуваат информација во нивната околина и влијае врз нивните одлуки и расудувања. Спознавателните пристрасности често се резултат на напорите на мозокот да ја поедностави обработката на податоците и да донесе одлука за пократко време.

Според здружената публикација „JP 3-13.4“ на вооружените сили на САД, воената измама се „дејства извршени за намерно да се доведат во заблуда противничките носители на воени одлуки, паравоени или насилни екстремистички организации, со што ќе го натераат противникот да преземе или да не презема, конкретни дејства кои ќе придонесат за исполнување на пријателската мисија. Генералот Двајт Д. Ајзенхауер, можеби повеќе од кој било друг во воената историја, ја прифатил улогата на измамата во воените операции и рекол: „Ниту една важна воена операција не треба да се извршува без планирање и реализација на мерки за измама“. Во американската воена историја, воената измама има значителна улога. Почнувајќи од самиот почеток, со постапките на генералот Џорџ Вашингтон со кои ги измамува Британците за можностите и намерите на неговите сили, оневозможувајќи му на британскиот генерал Корнволис да ги искористи своите супериорни сили и, во сито време, поставувајќи ги единиците за одлучувачката битка во Јорктаун. Завршувајќи со генералот Шварцкоф, за време на операцијата „Пустинска бура“, уверувајќи ги Ирачаните дека нападот на американските сили на Кувајт ќе случи од море, наспроти неверојатно изведениот маневар, познатиот „удар од лево“, напаѓајќи од правец на пустината. Овој текст се концентрира на војната за Јом Кипур, водена во периодот од 6 до 25.10.1973 година, помеѓу Израел и Египет, и ќе го разработи деталниот и успешен стратегиски план за измама, поставен и реализиран од Египќаните кој само го надополнил неуспехот на израелските разузнавачи и воени планери кои биле оптоварени со пристрасности. Кај Израелците владее атмосфера на прекумерна самодоверба во периодот после Шестдневната војна, а пред војната за Јом Кипур. Египќаните, пак, со сопствениот план за воена измама, изграден на среќни околности и комбинација на воени дејствија и дипломатија, успеваат да понесат воен успех во почетната фаза на војната за

Јом Кипур.
Во период од 5 до 10.6.1967 година се случила Шестдневната војна помеѓу Израел и коалицијата на арапските држави. За таа војна, Израел го очекувал нападот и започнал со превентивни напади. Израел ги поразил арапските армии и ги зазел Синајскиот Полуостров и појасот Газа од Египет, Голанската Висорамнина од Сирија и Западниот Брег од Јордан. Линиите биле достигнати и договорениот прекин на огнот, во голема мерка му олеснил на Израел одбрана на својата територијата по должина на Суецкиот Канал и реката Јордан и обезбедил стратегиска длабочина на територијата за распоредување на појаси за одбрана. Ограничените израелски сили, распоредени на сирискиот и египетскиот фронт во Шестдневната војна, кои успешно се спротивставиле и ги поразиле далеку побројните сили на коалицијата на арапски држави ја отсликуваат последователната самоувереност на Израелците во своите способности за победа во војните кои би следеле. Началникот на Генералштабот на израелските одбранбени сили, генерал-потполковник Давид Салазар, ја дава познатата изјава: „Ние имаме сто тенкови наспроти нивните осумстотини, тоа би требало да е доволно", и ја симболизира преголемата израелска самодоверба и барање на потврда за сопствените можности во минат успех.
Израелците, пред почетокот на војната за Јом Кипур, заради нанесените загуби на арапските сили верувале дека нивната новостекната воена супериорност нема да може да биде предизвикана од ниту една арапска држава или коалиција од арапски држави.
Командантот на израелската одбрана на источниот брег на Суецкиот Канал, или одбранбената линија Бар Лев, генерал-мајор Шмуел Гонен, воден од личниот успех во Шестдневната војна и со неговото поставување на местото на почитуваниот генерал-мајор Ариел Шарон, летото, пред почетокот на војната за Јом Кипур, развил спознавателна пристрасност која довела до бавна реакција на нападот на Египќаните и немање на контрола врз единиците со кои командувал од своето засолниште, наместо од фронтот. Неговите лични успеси го нагласиле неговиот презир за арапската воена моќ и борбена готовност на египетските воени сили, создавајќи, беспредметно, изменета реалност во неговиот ум.
Тогашниот министер за одбрана на Изреал, генерал Моше Дајан, не наредил превентивни напади пред почетокот на војната, и покрај тоа што располагал со податоци за подготовките на египетските вооружени сили за напад. По започнувањето на нападот тој не наредил мобилизација на резервниот состав на одбранбените сили на Израел, верувајќи дека силите кои веќе се распоредени во зоните за одбрана ќе го запрат нападот, претпоставувајќи дека настаните од 1967 година ќе се повторат. Дополнително, не сакал да го прикаже Израел како агресор во нова војна и да ја изгуби стекната поддршка од САД. Но, со својата неактивност, само ќе ги присили САД на организација на масовен воздушен транспорт за вооружување на одбранбените сили на Израел по почетниот неуспех во војната.
Тогашниот претседател на Египет Мухамад Анвал ел Садат би одлучен да го нападне Израел без поддршка на Сирија. Наместо да чека на дополнителна набавка на вооружување за да нападне, Ел Садат одлучил да постави ограничени цели за нападот: (1) да нанесе загуби на Израелците во луѓе и опрема и (2) да заземе територии на Израел во согланост со условите на боиштето. Крајната цел била да се поврати националната гордост на Египќаните после териоторијалните загуби во Шестдневната војна и на преговорите да се врати во позиција на сила и воената победа да ја претвори во политичка победа. Претседателот Ел Садат ги знаел културолошките карактеристики на Израелците и знаел дека строгиот пост пред најголемиот израелски празник Јом Кипур и строгото воздржување од физичка работа на празникот во голема мерка ќе ја намали борбената готовност на Израелците.
Планирањето на операцијата за време на светиот месец Рамазан за муслиманите само ќе го зголеми изненадувањето кај Израелците.
Планот на Ел Садат се сосотоел од неколку чекори. Прво се одлучил, формално, да ги избрка воените советници од Советскиот Сојуз летото 1972 година, менувајќи ја сопствена слика за марионета на Советите и ширејќи гласините дека Египќаните не се во можност самостојно да ракуваат со советската опрема. Оваа постапака била прифатен и пренесена од западните медиуми како успех на западното влијание во Египет, а кај Израелците само ја засилила претставата за неспособноста на египетската армија.
Следно, продолжил со пропагирање на на своите закани кон Израел за враќање на окупираните територии од Шестдневната војна, но не преземал никакви конкретни активности за да ги оствари тие закани со што ја намалил веродостојноста на показателите пред израелската разузнавачка служба.
Во месец февруари 1972 година го испратил својот советник за национална безбедност на дипломатска мисија во САД за отпочнување на дијалог помеѓу Израел и Египет, зајакнувајќи ја перцепцијата кај Израелците дека Египет не е во можност да нападне.
Министерот за војна и командант на вооружените сили на Египет го поставил

> Израелците, пред почетокот на војната за Јом Кипур, заради нанесените загуби на арапските сили, верувале дека нивната новостекната воена супериорност нема да може да биде предизвикана од ниту една арапска држава или коалиција од арапски држави



***Фотографија од направен пробив на одбранбениот насип на источниот брег на Суецкиот Канал.***

лојалниот Генерал Ахмед Исмаил Али. Генералот Али поставил нов систем за мобилизација на резервните сили и тој систем за мобилизација го извежбувал вкупно дваесет и два пати во периодот од јануари до октомври 1973 година. Правејќи го мобилизациите рутински операции кај Израелците ја исклучил мобилизацијата како веродостоен показател за напад. Секоја мобилизација на Израелците како резултат на египетските вежби го чинела Израел, во тогашна вредност, од околу десет милиони американски долари и заради тоа престанале да одговараат на вежбите на генерал Али. Единици за дисциплинирање на недисциплинирани војници биле распоредени на западниот брег на Суецкиот Канал, со што на Израелците им биле прикажувани единици кои спортувале, играле одбојка, наместо да изведуваат обука.
Во месец март 1973 година започнала со реализација високо публицираната вежба на цивилната одбрана на Египет за справување со поплавите на Нил. Во рамки на таа вежба биле развиени техниките и процедурите за рушење на одбранбениот насип на источниот брег на Суецкиот Канал. Насипот бил висок од 18 до 25 метри и на Египќаните им биле потребни седумдесет премини со ширина од по седум метри за да можат доволно брзо да ги пренесат вооружените сили на Синајскиот Полуостров. Египќаните со експериментирање утврдиле дека со пумпање на вода врз насипот премините ќе ги отворат за два часа, додека со конвенционално минирање и инженериски единици ќе им бидат потребни шест часа. Овие постапки ќе доведат до уште поголемо изненадување кај Израелците при изведувањето на нападот.
Нападот на Египќаните започнал во 14:00 часот на ден 6.10.1973 година, во спротивност со дотогашната практика воените дејствија да започнуваат на разденување или стемнување. Египќаните нападот го започнале користејќи ја најновата советска опрема за противоклопна борба и противавионска одбрана без присуство и помош на советниците од Советскиот Сојуз. Употребата на групи за противоклопна борба, по длабочина на израелскиот борбен распоред, обезбедила разбивање на израелскиот противнапад и овозможило непречено развивање на египетскиот борбен распоред на источниот брег на Суецкиот Канал.
Египќаните успешно го користат принципот на воена измама на генералот Мегрудер и само ги засилуваат постојните спознавателни пристрасности кај Израелците. Успешно ги кријат своите подготовки, воведуваат нови техники и процедури за создавање на



*Претседателот на Египет Мухамад Анвал ел Садат*



*Началникот на Генералштабот на египетската Армија, генерал Ахмед Исмаил Али*

Египќаните, со експериментирање утврдиле дека со пумпање на вода врз насипот, премините ќе ги отворат за два часа, додека со конвенционално минирање и инженериски единици ќе им бидат потребни шест часа. Овие постапки ќе доведат до уште поголемо изненадување кај Израелците при изведувањето на нападот

дополнителни забуни кај Израелците и непотребно ја оптоваруваат израелската разузнавачка служба со лажни тревожења. Со тоа Египќаните поставуваат комплексен и многу успешен систем за воена измама на Израелците. Но, целиот тој систем не би ги постигнал очекуваните резултати доколку Израелците немале свои вкоренети спознавателни пристрасности кои немале никаква поврзаност со реалноста. Израелската прекумерна самоувереност во сопствената воена надмоќ, по неверојатниот успех на Шестдневната војна, овозможила планот за воена измама на Ел Садат да биде многу успешен и да им овозможи воен успех на Египќаните во почетната фаза на војната за Јом Кипур.

Томица Ристоски



*Египетска група за противоклопна борба*



# Оперативен дизајн на Дојранската битка (1915 – 1918 година) со слушатели од КПоПоф

Целта на овој курс е оспособување на постари подофицери со чин постар водник 1. класа за вршење на должност главен наредник на баталјон и други должности кои се предвидени со чинот наредник, воедно и подготовка на кандидати за упатување на Подофицерската академија во Република Хрватска или во САД. Курсот се состои од полагање на пет предмети, а првиот предмет е Општи воени знаења, каде што слушателите реализираа настава од воена историја со предавачот, потполковник д-р Андреј Илиев, редовен професор на Воената академија „Михаило Апостолски“, Скопје. Наставата од предметот Воена историја беше реализирана во два дела, и тоа, прв дел, кој опфаќа теоретско предавање и, втор дел, кој се состои од практични вежби.По реализацијата на теоретскиот дел, каде слушателите беа запознаени со воената историја на Македонија, професорот, потполковник Андреј Илиев, во улога на ментор формираше три групи од по пет слушатели со по еден лидер на група, каде што секоја група доби задача да реализира оперативен дизајн во вид на вежби, на Дојранската битка 1915 – 1918 година, односно проектна задача, изработена во Power point-презентација во NATO Joint operation planning. Задачата подразбираше презентирање на самата презентација пред професорот и пред слушателите, како и реализација на теренската активност, со брифирање на содржината од проектната задача во реални теренски услови.

На 13 април 2022 година во Командата за обука и доктрини во Велес започна со реализација Пилот-курс за постари подофицери, кој е планиран да трае до 24 јуни 2022 година, односно, вкупно, 50 работни дена

Првата група доби задача да изработи проектна задача на тема „Учеството и придонесот на македонскиот народ на Македонскиот (Солунски) фронт“. За лидер на првата група беше одреден постар водник 1. класа Виктор Крстевски. Лидерот на втора група беше постар водник 1. класа Беким Јунузи, кој доби задача да направи оперативен дизајн на распоред и дејство на централните сили во Дојранската битка, додека третата група, каде лидер беше постар водник 1. класа Која Делев, доби задача – изработка на оперативен дизајн на силите на Антантата. Одговорноста за целосна поддршка на проектните задачи ја презеде



командирот на наставната чета за обука на подофицери, поручникот Јасмин Браховиќ, со неговиот инструкторски тим, со чија поддршка активноста се реализираше навреме и со висок степен на професионалност.
Планираните вежби од предметот Воена историја беа одредени за 16 и 17 мај 2022 година, каде што проектните задачи се реализираа во два дела, и тоа првиот дел се реализираше во Центарот за индивидуална обука во Велес, преку доставување на проектните задачи до менторот, потполковник Андреј Илиев, на потпис и одобрување. Презентациите на оперативниот дизајн се реализираа на видеобим, каде што секој лидер на група даде свое детаљно објаснување за темите од проектната задача. Навистина беше големо задоволство да се гледаат идните наредници со каков ентузијазам и професионалност ги реализираат брифинзите, демострирајќи ги одлично совладаните вештини на презентирање, каде што по секоја презентација следуваше аплауз и дискусија. На 17 мај 2022 година започна реализацијата на најинтерсниот дел, теренска вежба во Дојран на лице-место за пробивот на Солунскиот фронт, каде што секој лидер на групата требаше да менаџира со својата група во брифирањето, додека секој член од групата беше задолжен за брифирање по одредена точка.
Пристигнувањето на местото одредено за теренска активност беше околу 12.00 часот. Секоја група имаше околу 30 минути за подготовка и 30 минути за брифинг. Возбуденоста кај слушателите растеше, бидејќи секој сакаше да даде максимален придонес за својата група.
Слушателите од КПоПОФ ги посети и главниот наредник на Армијата, Бране Петревски, кој даде значителен придонес, споделувајќи насоки и искуства.
Под водство на менторот, потполковникот Андреј Илиев, прва со брифинг започна втората група, односно групата на постариот водник 1. класа Беким Јунузи, кој го кажа воведниот дел. Исто така, се изврши географска, топографска и тактичка ориентација на централните сили распределени во реонот на Дојран. Постариот водник 1. класа, Дарко Јовановски, во улога на началник на J-3, изврши брифинг за концентрација, распределување и подготовка на боиштето, со намера за одвраќање преку преземање на правилни дефанзивни дејства на централните сили кој, како искусен припадник на Инжинерискиот баталјон, јасно укажа на значењето на фортификациските утврдувања во една битка преку примерот „Ашовчето треба да работи кога пушката не работи“. Како втори со брифингот за силите на Антантата беа третата група, која брифираше за гравитацијата на сојузничите сили и за нивниот правец на дејство. Брифираше постариот водник 1. класа Гацов Стојан, којшто даде разгледување за доминација, со анализа за тоа што е преземено и што било потребно за да се преземе нападот на силите на Антантата, со цел нападот да биде поефективен и да се избегнат човечки загуби.  Потоа следуваа брифирањата на останатите членови од третата група, кои брифираа за персоналната состојба во силите на Антантата, за логистичките проблеми, за проблемите од доменот на врски и комуникации и така натаму. После кратка пауза, како последни со брифирање, почна првата група, каде што лидерот на групата, преку географска, демографска и воено-политичка анализа, даде статистичко видување за учеството на македонскиот народ во Првата светска војна и на Македонскиот (Солунски) фронт, додека постариот водник 1. класа, Љупчо Милановски, детаљно го објасни распоредот и правците на дејство на сите армии-учеснички во Солунскиот фронт на територијата на Македонија.
Како заклучок, лидерот на првата група, постариот водник 1. класа, Виктор Крстевски, ја заврши групната активност во којашто истакна дека македонскиот народ е народ на непокор, непокор кој е „sine qua non“ во осамостојувањето на еден народ,  народ кој низ генерациите кои доаѓаат ќе продолжи да го формира интелектуалниот нуклеус, кој ќе покрене нови движења кај македонскатата интелектуална младина која, поучена од апсурдноста на братоубиствената војна од времето на Првата светска војна, ќе се обедини во ново движење против еден нов и јасно детерминиран непријател во Втората светска војна и, заедно со своите братски  народи, конечно ќе извојува победа со која ќе го оствари вековниот сон на нашите предци, а тоа е Македонија да биде слободна и слободно да живее.
Теренската активност на слушателите на КПоПОФ заврши со аплауз и со честитки од страна на потполковникот Андреј Илиев и од главниот наредник на Армијата, Бране Петревски. Потоа, потполковникот Андреј Илиев, на тројца најистакнати слушатели им додели по една книга, „Историјата на војувањето“. Со оваа книга беа наградени постарите водници 1. класа Љупчо Милановски и Стојан Гацов, како презентери од обласа на J-3, додека постариот водник 1. класа, Виктор Крстевски, исто така, беше награден со книга како лидер на групата. За крај следуваше групна фотографија, посета на бункерите од времето на Првата светска војна кои сè уште стојат како потсетници на едно минато време, а потоа следеше безбедно враќање на слушателите во касарната во Велес. Слушателите на овој курс се вратија збогатени со нови знаења и подготвени за новите предизвици што ќе следат понатаму.

пв 1 кл. Виктор Крстевски





# 11. летен кампус на Военат







# а академија



Во организација на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Центарот за обука „Пепелиште“ беше отворен 11. летен кампус на кој учествуваат 90 студенти и питомци од 16 партнерски и пријателски земји. На овогодинешниот летен кампус учествуваат питомци и студенти од Албанија, Австрија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Германија, Хрватска, Италија, Косово, Латвија, Црна Гора, Норвешка, Полска, Романија Соединетите Американски Држави, Унгарија и од Република Северна Македонија и за време на вежбата ќе имаат можност да дадат активен придонес во реализација на симулирани мултинационални операции во поддршка на мирот во фаза на стабилизација, реконструкција и градење мир. На отворањето се обрати заменик-министерот за одбрана, Башким Хасани, кој најнапред на студентите, питомците и на нивните предавачи им посака успешна работа во следните две недели и рече дека летниот кампус нуди прекрасна можност, покрај едукацијата, обуката и размената на искуства и знаења, да изградат мостови меѓу различните култури и националности и да креираат нови моќни пријателства помеѓу идните офицерите. „Имам чест да ве поздравам и да ви посакам добредојде на овогодинешниот летен кампус, особено поради двегодишната пауза предизвикана од пандемијата КОВИД – 19, но и поради тоа што ова е прв пат овој кампус да се организира откако нашата земја е членка на НАТО. Овој кампус е уникатна можност да се запознаете, да работите заедно во изнаоѓање решенија за идните предизвици во процесот на градење на мирот во постконфликтни операции како идни лидери на земјите на НАТО“, рече Хасани. Хасани, исто така, додаде дека овој проект на Воената академија демонстрира силна посветеност во процесот на градење капацитети кои ќе се справуваат со новите безбедносни процеси. „Кампусот е одличен пример за меѓународна соработка и партнерство меѓу земјите во регионот и пошироко, земји кои се долгогодишни партнери, посветени на создавањето идни офицери, способни да работат во мултинационална и мултикултурна средина“, потенцираше Хасани. Продеканот на Воената академија, полковник Елениор Николов, изрази големо благодарност до сите учесници за учеството на кампусот, еден од најзначајните настани за Воената академија. Програмата на кампусот ќе ја спроведат високо реномирани предавачи од реномирани институции и професионални инструктори, како од земјава така и од вооружените сили од земјите кои учествуваат на кампусот.

# Турски пиштол „CANIK TP9SF Elite-S“

CANIK TP9SF Elite-S“ е модуларен пиштол со полимерски рам од четвртата генерација, кој поседува сигурен механизам на дејствување, одлични безбедносни механизми, мала тежина, одлична ергономија, рамка за муниција со голем капацитет, голема прецизност и лесно се расклопува и одржува. Пиштолот поседува полуавтоматско дејство со SAO механизам на повлекување (Single-Action Only/ само единечна акција), со примена на механизам без надорешен удирач. Оружјето поседува 3 степени на сигурност наменети за безбедност на корисникот и околината, а тоа се: осигурувачот на чкрапалото, механизмот за блокирање ударна игла и мануелна кочница. Системот на бравење на пиштолот е со кратко повлекување на цевката и бравење во четвртастиот отвор за исфрлување на чаурите (модифицирано сигово бравење). Предност на пиштолот е и можноста да се утврди дали механизмот за дејство е запнат, односно кога ударната игла е во запната положба (спремна за дејство), на задниот горе дел од навлаката е испакната игла со црвена точка што може визуелно да се утврди или со допир (принцип позајмен од Walther P99). Додека за утврдување дали во цевката има куршум, на годниот дел од навлаката ведаш позади отворот за исфрлување на чаури има вградено индикатор за куршум во цевката, кој е подигнат кога куршумот е во цеката. Рамот на пиштолот е изработен од многу отпорен полимер кој внатрешно поседува метални вметоци. Пиштолот на долниот преден дел од рамот има Picantinny-шина (стандард MIL STD 1913) за прифаќање на ласерски нишан или тактичка ламба. На горниот дел на навлаката, пред задниот механички нишан, е поставена метална плочка којашто се одвојува, на чие место (кога е извадена), може да се постави колиматорски нишан, но постои и верзија која поседува стандарна навлака, односно е без оваа опција. Спојувањето помеѓу рамот и навлаката е преку челични водишта. Рамката за муниција е изработена од челик, која на долниот дел е затворена со полимерско поклопче. Стандардната рамка за муницијата 9x19 mm „Para“ е дворедна, со капацитет од 15 куршуми, и на задната страна поседува отвори со испишани броеви, со цел корисникот лесно да ја утврди состојбата на количеството муниција. За пиштолот е развиена и рамка за муниција со капацитет од 18 куршуми. Инаку рамките за муниција се производ на компанијата „Mac-Gar“. Пиштолот поседува ниски борбени нишани од дизајнот „Warre“, од кои задниот механички нишан се подесува по правец, а предниот е фибероптички нишан. Заради приспособување на потребите на корисниците и полесно ракување со оружјето, CANIK TP9 SF Elite-S е проектиран да поседува двострани команди како, на пример, лостот за утврдување/ ослободување на навлаката, лостот од мануелната кочница поставена на долниот штитник на чкрапалото и копчињата за расклопување на пиштолот, додека копчето за ослободување/ утврдување на рамката за муниција по желба може да се постави од левата или десната страна на рамот. Исто така, со цел приспособување кон фатот на корисникот, ракофатот на пиштолот е проектиран на задниот дел да прифаќа вметнувања со две различни величини, кои можат да се заменат само со помош на алатка. Надворешните метални делови на пиштолот се заштитени со тенифер-премачкување или церакота печен финиш врз тенифер-премачкувањето, додека внатрешните делови, кои се подложни на поголеми оптоварувања се никловани. Инаку, за чистење и за основно одржување, оружјето лесно и брзо се расклопува и се склопува, без никаква потреба од алатки (слично на пиштолот „Glock“).

Од пиштолот „CANIK TP9“ е создадена цела фамилија на верзии и подверзии но, конкретно, од верзијата „CANIK TP9 SF Elite-S“ се создадени 3 подверзии за користење на муницијата 9x19 mm, .40 S&W и .380 ACP.

Ивица Дамески




1. Заден механички нишан.
2. Дел од навлаката кој може да се отстрани, со цел поставување на колиматорски нишан „red dot“
3. Извлекувач на чаури/ куршуми.
4. Индикатор за куршум во цевката
5. Лежиште на куршум во цевката
6. Навлака
7. Цевка
8. Преден механички нишан.
9. Picantinny-шина (стандард MIL STD 1913)
10. Водиште со повратна пружина
11. Штитник на чкрапалото
12. Двострано копче за расклопување на пиштолот.
13. Лост за утврдување/ ослободување на навлаката




14. Чкрапало со вградено ,,јазиче” од безбедносната кочница
15. Лост од двострана мануелна кочница
16. Копче за утврдување/ослободување на рамката за муниција
17. Полимерски рам со метални вметнувања
18. Пружина од рамката за муниција
19. Рамка за муниција
20. Утврдувач на модуларно вметнување за ракофатот
21. Модуларно вметнување за ракофатот (со 2 големини)
22. Лост од чкрапалото за спојување со механизмот за дејство
23. Механизам за дејство на чкрапалото



| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „CANIK TP9 SF ELITE-S“ | |
|---|---|
| КАЛИБАР/МУНИЦИЈА | 9 mm / 9x19 mm |
| ДОЛЖИНА | 185 mm |
| ВИСОЧИНА | 134 mm |
| МАКСИМАЛНА ШИРОЧИНА | 37 mm |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 106.5 mm |
| ДОЛЖИНА НА НИШАНСКА ЛИНИЈА | 160.5 mm |
| ТЕЖИНА (ПРАЗЕН) | 805 kg |
| КАПАЦИТЕТ НА КУРШУМИ | 15 или 18 (зависно од рамката за муниција) |




# Германски млазни авиони од Втората светска војна (2)

**„Arado Ar 234 Blitz“**

Првиот оперативен бомбардер на млазен погон во светот бил дизајниран за време на Втората светска војна, познат како „Arado Ar 234 Blitz“ (на англиски: „Lightning“). Овој бомбардер, воедно, е и првиот поголем воздухоплов кој се користел во борбени услови од страна на германското воздухопловство. Произведен во многу ограничен број. „Arado Ar 234 Blitz,“ речиси целосно е користен во извидувачка улога, а со неколку употреби како бомбардер се покажал дека е речиси невозможно да се пресретне. Проектираната тежина за авионот била околу 8 тони, а со цел да ја намали тежината и да го максимизира капацитетот за внатрешно гориво, иноваторите во „Arado“ не предвиделе користење опрема за слетување што може да се вовлече. Од средината на 1944 година до крајот на војната биле изградени вкупно 210 авиони. Тоа е последниот авион на „Luftwaffe“ што прелетал над Англија за време на војната, во април 1945 година.

Согласно оперативните побарувања за авиони наведени од германското Министерство за воздухопловство, само компанијата Arado предводена од професорот Walter Blume одговорила на предизвикот за дизајнирање и производство на бомбардерот. Кон крајот на 1940 година, нацистичкото Министерство за воздухопловство понудило тендер за брз извидувачки авион со млазен погон и со долет од 2.156 километри. Во 1941 година, иноваторите во Arado го прифатиле и одобриле концептот за брзиот извидувачки бомбардер согласно кој започнало и неговото производство како конвенционален модел со високи крила и со мотори под секое крило. Иако прототипите биле завршени главно пред крајот на 1941 година, моторите не биле готови дури до февруари 1943 година. Кога пристигнале квалификувани мотори за летање, првиот лет бил реализиран на 30 јули 1943 година на аеродромот во Рајна.

Познат е настанот што се случил во текот на 1944 година за време на бадниковата вечер, кога девет авиони од овој модел се појавиле во воздушниот простор на Белгија изненадувајќи ги сојузничките сили стационирани околу градот Liege. Во ова историско бомбардирање, авионите со турбомлазен мотор секој од нив со бомби од околу 500 килограми го испуштиле товарот над фабрички комплекс. Како најкарактеристична употреба на овој авион во улога на бомбардер била во обид да се уништи мостот „Ludendorff“ („Remagen“). Кога мостот бил заземен од сојузниците, бил постојано напаѓан со бомби од 1.000 килограми. Авионот „Arado Ar 234 Blitz“ продолжил да се употребува сè додека Германија не се предала на 8 мај 1945 година. Некои од авионите биле соборени во воздушна борба, биле уништени или останале на аеродромите чекајќи гориво што никогаш не пристигнало. Авионот во тоа време бил подобар од било кој друг бомбардер што го имало германското воздухопловство, со потенцијал да ги преживее огромните сојузнички воздушни сили како единствен бомбардер.

## „Focke-Wulf Ta 183 Huckebein“

Иако војната завршила пред можноста овој авион да биде ставен во функција на првата линија од фронтот како борбен воздухоплов, тој за првпат се појавил во дизајните уште во 1942 година во шест главни дизајни односно предложени варијанти. Инженерот Hans Multhopp направил тим за дизајнирање на новиот ловец врз основа на неговото разбирање дека претходните студии за дизајн за млазни авиони немале шанси да се реализираат бидејќи недостатсувал потенцијал за трансонични брзини. Од вкупно шест дизајни, петтата дизајнерска опција презентирала револуционерна технологија за лет на голема височина. Дизајнот за борбен авион со млазен погон бил наменет како наследник на „Messerschmitt Me 262“ и на другите воздухоплови во служба на „Luftwaffe“ за време на Втората светска војна. Бил развиен само до степен на модели кои се тестирани во тунелите за ветер по завршување на војната. Основниот дизајн дополнително бил развиен по завршување на војната во Аргентина (познат како FMA IAe 33 Pulqui II).
За време на егзилот во Аргентина, дизајнерот Kurt Tank продолжил да работи на „Focke-Wulf Ta 183 Huckebein“ за аргентинската влада. Понатаму се смета дека и дизајнот на Советскиот Сојуз за авионот „МиГ-15“ бил инспириран од документацијата на овој авион, земена од Германија по завршување на Втората светска војна. Во дизајнот и на многу други современи млазни ловци биле користени аеродинамичките и структурните размислувања од овој модел (американскиот „F-84F Thunderstreak“, шведскиот „SAAB 29 Tunnan“ и францускиот „Dassault Ouragan“).
На почетокот на 1944 година, Министерството за воздухопловство (Reich Air Ministry) станало свесно за развојот и значењето на сојузничките авиони, како и со потребата од соочување со овие предизвици. Како одговор, ја вовеле Програмата за итни борбени авиони која стапила на сила на 3 јули 1944 година. Со неа било завршено производството на повеќето бомбардери и повеќенаменски авиони во корист на млазните ловци. Дополнително тие го забрзале развојот на експериментални дизајни кои ќе гарантираат предност во однос на сојузничките модели. Овие дизајни требало да ги заменат првите германски млазни ловци, „Messerschmitt Me 262 Schwalbe“ и „Heinkel He 162 Spatz“. Првиот лет на авионот бил проектиран да се реализира во мај 1945 година, но ниту еден завршен прототип од серијата „Ta 183 Versuchs“ не бил завршен до 8 април 1945 година, кога британските трупи ги зазеле објектите на „Focke-Wulf“.
Неговите тенки крилја биле дизајнирани со 40 степени закосеност кон трупот, со цел да ги намалат турбуленциите, а со тоа да создадат и поголема латерална стабилност. Одразувајќи ја дилемата за недостиг на стратешки материјали, првата опција за користење на одредени делови во конструкцијата била употребата на алуминиум, тенок челичен лим и дрво наместо метал низ целата структура на крилата. Овој воздухоплов имал краток труп со довод на воздух кој минувал под пилотската кабина. Примарното вооружување на авионот се состоело од четири топови од 30 мм, распоредени околу доводот за воздух. Било планирано целосно производство, со проектирана брзина од околу 1.000 км/час на височина од 7.000 метри. Понатаму се проценувало дека 300 авиони месечно ќе може да се испорачуваат кога производството ќе почне да се реализира, а секој авион ќе се произведува за часовен ресурс од 2.500 часови налет. Другите карактеристични дизајнерски новитети се однесувале на: централно позиционирана пилотска кабина под притисок со одличен поглед за пилотот, карактеристична опрема за слетување и подобрена аеродинамика.

Драган Павловски







# Оклопен транспортер на романската армија „SAUR“

Оклопниот транспортер „Saur-1“ беше развиен од компанијата „ROMARM“ од Романија како приватен потфат за да ги исполни барањата на романската армија. Вреди да се спомене дека „ROMARM“ има значително искуство во дизајнирање, развој и производство на оклопни возила на тркала. Оклопниот транспортер „Saur-1“ е понатамошен развој на оклопниот транспортер „Zimbru 2000“ (во превод европски бизон) со целосно редизајниран труп. Овој оклопен транспортер претходно беше наведен како „Zimbru 2006“. Првиот прототип беше завршен во 2006 година. Оклопниот транспортер „Saur-1“ беше тестиран од романската армија, но не доби нарачка. Наместо тоа, романското Министерство за одбрана ги купи оклопните транспортери „Piranha IIIC“ произведени од страна на швајцарската компанија „MOWAG“.

Возилото има заварен челичен оклоп. Оклопот на „Saur 1“ заштитува од огнено оружје со мал калибар и шрапнели од артилериски гранати. Според „ROMARM“, овој оклопен транспортер може да издржи експлозија на противтенковска мина од 8 килограми ТНТ под кое било тркало.

„Saur 1“ е опремен со далечински управувана вооружена станица, вооружена со митралез од 12,7 mm или 7,62 mm или автоматски фрлач на гранати од 40 mm. Оклопниот транспортер има екипаж од двајца и може да носи уште 9 војници. Војниците влегуваат и го напуштаат возилото преку задните врати или отворите на покривот. За војниците се обезбедени голем број отвори за отворање на оган во случај на потреба.

Оклопниот транспортер „Saur-1“ има централно монтиран „Cummins“ дизел-мотор, кој развива 275 hp. Моторот е поврзан со автоматска трансмисија „Allison“. Двете предни оски се управувачки. Возилото е опремено со централен систем за надувување на гумите CTIS, кој осигурува дека „Saur-1“ ја задржува подвижноста во случај на оштетување на една или сите гуми и ја подобрува подвижноста на тежок терен. „OT Saur-1 APC“ е целосно амфибиски. На вода се движи со два водни млазници. Овој оклопен транспортер може да биде транспортиран по воздушен пат со тактичко товарно летало „C-130 Hercules“. Шасијата на овој оклопен транспортер може да се примени за широк опсег на мисии на бојното поле. Предложените варијанти вклучуваат оклопно амбулантно возило, оклопно возило работилница и возило за извлекување (recovery).

Како варијанта е подобрениот оклопен транспортер 8x8 „Saur-2“. Тој беше претставен во 2008 година. Возилото е опремено со нов мотор и има подобрена внатрешност. Исто така, има голем број други подобрувања.

## Оклопен транспортер „Saur 2“ 8×8

„Saur 2“ е оклопно возило на тркала



8x8 произведено од романската „Uzina Automecanica Moreni (UAM)“, подружница на државната компанија „ROMARM“, развиено за романските вооружени сили. Возилото беше развиено како наследник на возилото „Saur 1“.
Оклопниот транспортер „Saur 2“ обезбедува безбеден транспорт и огнена поддршка за вооружените сили кои работат во предизвикувачки средини на бојното поле. Возилото нуди супериорна оклопна заштита и удобност за разлика од неговиот претходник ОТ „Saur 1“.
Оклопниот транспортер „Saur 2“ беше претставен на изложбата „Black Sea Defense & Aerospace (BSDA 2008)“ во Букурешт. Околу 80% од финансирањето за проектот „Saur 2“ е обезбедено од страна на UAM, а остатокот од „ROMARM“.

## Дизајн и карактеристики на воено возило „Saur 2“

„Saur 2“ APC беше претставен на изложбата „Black Sea Defense & Aerospace (BSDA 2008)“ во Букурешт“.
„Saur 2“ вклучува оклопен труп направен од целосно заварен челик. Има редизајниран дел за носот. Погонските оски се вградени внатре во трупот поради заштита.
Возилото може да носи до 12 лица, вклучувајќи возач, командир, нишанџија и уште девет војници. Позицијата на возачот е напред лево од трупот, а напојувањето е поставено десно од него. Командирот седи зад возачот, а на војниците им е обезбеден индивидуален распоред на седење во транспортниот дел.
Возилото е со должина од 7,7 метри, има ширина од 2,95 метри и висина од 2,2 метри. Тежи 12,8 тони.
„Saur 2“ има нов мотор, поголеми гуми и нови седишта обезбедувајќи подобра заштита од мини. Има седум отвори за отворање оган во случај на потреба, четири десно и три лево од одделот за војници. Возилото е опремено со хидраулично витло (чекрк), поставено напред на возилото.
Концептот на модуларен дизајн обезбедува флексибилност за конвертирање на основната платформа за специфични мисии. Возилото може да се модифицира како амбулантно возило, командно возило, оклопен транспортер, логистичко возило, возило за извлекување, возило-тенк и носач на минофрлачи од 120 мм.
Вооружување и други карактеристики на оклопното возило со тркала 8×8
Возачот и командирот се обезбедени со отвор со еноделни капаци на кровот на возилото. Вооружената станица има два отвори во задниот дел над одделот за транспорт на војниците. Трите перископи се поставени фронтално и се користат за предно набљудување.
Централниот перископ може да се замени со пасивен перископ за ноќно возење. Возилото е опремено и со термовизиска камера.
На оклопниот транспортер „Saur 2“ може да биде поставена далечински управувана вооружена станица опремена со различни типови системи на оружје со калибар до 30 mm. Вообичаената конфигурација на оружје вклучува топ „Oerlikon“ од 25 мм и коаксијален митралез од 7,62 мм.

## Самозаштита и оклоп на наследникот на „Saur 1“

Челичниот труп на оклопното возило го заштитува екипажот од огнено оружје од мал калибар и шрапнели од гранати. Предниот лак е обезбеден со дополнителна оклопна заштита.
„Saur 2“ обезбедува безбеден транспорт и огнена поддршка за вооружените сили кои работат во предизвикувачки средини на бојното поле.
Возилото нуди противминска и балистичка заштита ниво 2 во согласност со STANAG 4569. На транспортерот може да биде поставен дополнителен оклопен комплет за зголемување на заштитата до трето ниво за да ги издржи експлозиите на противтенковски ТНТ-мини од осум килограми.
Возилото е опремено со фрлачи на димни гранати за подобро преживување.
Одделот на екипажот и моторното одделение се опремени со систем за автоматско гасење пожар. Заштитната АБХ-опрема вклучува воздушни цевки и индивидуални воздушни маски.
Возилото е опремено и со компресор за одвојување на филтер за прашина и апсорбентен филтер.

## Мотори и мобилност на „Uzina Automecanica Moreni (UAM)- Saur 2“

„Saur 2“ се напојува со дизел-мотор MAN, тип „EURO 3“, поврзан со автоматски менувач на „Алисон“. Моторот испорачува моќност од 326 hp.
Моторот со голема моќност ја подобрува мобилноста на возилото и овозможува инсталирање на потешки системи на вооружување. Возилото има максимална брзина на патот од 100 km/h и автономија на опсег од 700 km.
Целосно, амфибиското возило се движи во вода со два водни млазници. Може да плива со максимална брзина од 10 км/ч. Возилото може да совладува наклон од 60% и страничен наклон од 30%. Може да помине вертикална пречка од 0,5 метри и ров со ширина од два метри.

Останатите спецификации на оклопните возила „Saur 2“ се:
- производител: „Uzina Automecanica Moreni“ (UAM)
- должина: 7,7 метри;
- широчина: 2,95 метри;
- висина: 2,2 метри;
- тежина 12,8 тони;
- мотор: „MAN diesel engine“;
- посада: 3+9 (возач, командир, нишанџија + 9 војници);
- вооружување: „Oerlikon“ 25 mm canon and 7.62mm „coaxial machine gun“;
- автономија на опсег: 700 km;
- максимална брзина на пат: 100 km/h;
- максимална брзина при пловење: 10 km/h;




- оклопна заштита: до 12 мм, артилериски фрагменти и противминска заштита;
- совладување на наклон од 60%;
- совладување на страничен наклон 30%;
- совладување на вертикална препрека: 0.5 м;
- совладување на ров: 2 м;
- амфибиски способности.

Идриз Идризоски



# Технолошка предност на вештачката интелигенција

НАТО од неодамна започна иницијатива за обезбедување технолошка предност на вештачката интелигенција за подобро разбирање на технологијата и нејзините потенцијални апликации за војување. Повеќе од 80 експерти за вештачка интелигенција, истражувачи и академици од САД и други земји членки се вклучени во потфатот, познат како „стратешко хоризонтско скенирање", составено од страна на Организацијата за наука и технологија при НАТО и Агенцијата за комуникации и информации на НАТО.

Пред неколку месеци во Хаг, Холандија, се одржа инаугуративен состанок и работилница, на која се наоѓаат податоците на Агенцијата и објектите за вештачка интелигенција. „Вештачката интелигенција е една од клучните новопојавени технологии, идентификувани од НАТО како витални за одржувањето на својата технолошка работа", нагласува главниот научник на НАТО, Брајан Велс. Со заедничкото работење, Организација за наука и технологија при НАТО и Агенцијата за комуникации и информации на НАТО, се во состојба да ги обединат глобалните експерти за да се осигураат дека најдобрата научна експертиза е достапна за советување на НАТО и за нејзините сојузници и партнери од областа на најновите научни



трендови. Гаранцијата на НАТО за колективна одбрана и предноста на броевите, како на бојното поле така и во лабораторијата, беше многу дискутирана за време на последната инвазија на Русија во Украина и во подоцнежните апликации за членство што ги поднесоа Финска и Шведска. Министрите на НАТО, во октомври 2021 година, ја усвоија првата досега Стратегија за вештачка интелигенција на Алијансата, која ја опишува способноста како „промена на глобалната одбранбена и безбедносна средина", нудејќи и „невидена можност за зајакнување на нивната технолошка работа".

Сојузниците на НАТО во 2019 година се согласија да се фокусираат на технологии, податоци, пресметки со вештачката интелигенција помеѓу нив, осигурувајќи се дека постојат заеднички стандарди и дека системите ќе работат со системите и ќе бидат од клучно значење за постигнување успех. „Со оваа нова фаза на технологии, еден од најголемите предизвици е како да останеш во комуникација со сојузниците, користејќи ја таа иста технологија", изјавил Дејвид ван Вел, помошник-генерален секретар на НАТО. „Тоа е голема улога за НАТО", потврдил Вел.

м-р Зорица Стојкова

# Фамилија на квадрокоптери беспилотни борбени летала „QX“

На интернационалниот Саем за беспосадни борбени системи „UMEX 2022“, одржан во Абу Даби, Обединетите Арапски Емирати, од страна на домашната компанија „ADASI“, која е дел од конзорциумот EDGE, беше претставена целата палета на производство од беспосадни борбени, извидувачки и транспортни системи, наменети за користење од копнени, воздухопловни и поморски сили. Помеѓу експонатите беше претставена и фамилијата на квадрокоптери беспилотни борбени летала „QX“, односно „QX-1“, „QX-2“ и „QX-3“. Сите овие летала со вертикално полетување/слетување се управуваат од еден оператор, со помош на мала мобилна командна видеоконзола, на која од леталото се пренесуваат сите релевантни податоци за борбената мисија, како на пример, податоци од сателитската навигација и регистрираните податоци од сензорката топка опремена со ТВ-термална камера за пребарување на цели. „QX-1“ е мал камикази квадрикоптер кој може да се пренесува во ранец. Поседува тежина од 3 kg и носи корисен товар од 500 gr. Плафонот на лет му изнесува 2.000 m, а крстосувачката висина на летање е 1000 m. Благодарение на електромоторот и батериите што ги користи, може да лета 20 минути,



а притоа да прелета 10 km. „QX-2“ е поголема верзија на камикази квадрикоптер кој, исто така, може да се пренесува во ранец, но може да понесе и една ТВ-наведувана бомба (со прецизно дејство од ±1 m), Практично, „QX-2“ може да дејствува врз 2 цели или после борбеното дејство со наведуваната бомба да изврши процена на ефикасноста од борбеното дејство врз целта. Поседува тежина од 8 kg и носи корисен товар од 1,5 kg. Плафонот на лет му изнесува 2.000 m, а крстосувачката висина на летање изнесува 1000 m. Благодарение на електромоторот и на батериите кои ги користи, може да лета 30 минути, а притоа да прелета 20 km. Третиот и најголем е повеќенаменскиот квадрокоптер е „QX-3“. За разлика од претходните квадрокоптери, „QX-3“ може да понесе четири ТВ-наведувани бомби, а после борбеното дејство со бомбите може да изврши процена на ефикасноста од борбеното дејство врз целите. Поседува тежина од 20 kg и корисен товар од 6 kg, па затоа е планирано негово транспортирање со лесно товарно возило. Плафонот на лет му изнесува 2.000 m, а крстосувачката висина на летање е 1000 m. Благодарение на електромоторот и батериите кои ги користи, може да лета 40 минути, и притоа да прелета 40 km.

# „FN HiPer“ – нов белгиски пиштол

На 31.5.2022 година, светски докажаната белгиска компанија за наменска индустрија „FN Herstal “ го промовираше најновиот модуларен пиштол од 4-та генерација, „FN HiPer“, наменет за армии и безбедносни служби. Според изјавите на производителот, при преоктирање на пиштолот се имплементирани иновативни FN Herstal-патентирани системи кои овозможуваат поголема ергономија и сигурно и безбедно функционирање на оружјето. Навлаката на пиштолот е изработена од легури на челик, рамот е од полимер, а воедно вграден е и нов механизам на дејство и ударен механизам, а притоа се внимавало помеѓу деловите да има



минимална толеранција, со цел заштита од влегување прашина и друга нечистотија, односно да се направи пиштолот исклучително сигурен при работа во нормални и во неповолни временски и теренски услови. Пиштолот е проектиран со ракофат кој има одлична ергономија и аголна поставеност, која овозможува одлична прецизност и при брза стрелба. За потребите на ракофатот се развиени 3 различни влошки кои можат да се заменуваат, со цел полесно приспособување според раката на корисникот. Полимерскиот рам на пиштолот има двострани команди. Едната команда е лостот за утврдување/ ослободување на навлаката, вграден на бочните страни на крајот од рамот, со цел да не дојде до случајно активирање. Втората команда е лостот за ослободување/ утврдување на рамката за муниција, кој дејствува со негово ротационо движење надоле (наместо копче кое се притиска). Лостовите за утврдување на рамката за муниција дејствуваат одделно, за да не дојде до заглавување на раката. Во пиштолот е вграден нов механизам на чкрапалото кој се приспособува колкав да биде отпорот на повлекување и колку да биде долг одот на чкрапалото (приспособувањето се прави со помош на пушкар). Инаку, на предниот долен дел од рамот има шина за прифаќање на дополнителна опрема. За безбедно функционирање пиштолот поседува 3 безбедносни механизми: сигурносен механизам на чкрапалото, сигурносен механизам од ударната игла и не може да дејствува кога е извадена рамката за муниција. Расклопувањето на пиштолот е лесно и брзо, без помош на алатки. Стандардата рамка за муниција се изработува со цврст полимер, а од страните поседува отвори за видлива контрола на куршумите во внатрешноста. Капацитетот на рамката за муниција е 15 куршуми. Пиштолот поседува должина од 180 mm, должина на цевката од 100 mm, височина од 142 mm и тежина со празна рамка за муниција од 730 gr. Развиени се 2 верзии од пиштолот, од коишто едната е стандардата „FN HiPer“, а втората е „FN HiPer“ (MRD-version), која е приспособена да прифати микро „red dot“ нишан на горниот дел од навлаката и оваа верзија поседува повисоки преден и заден механички нишан.

Ивица Дамески



# Влечна хаубица „L118“

Влечната хаубица „L118 105“ мм е лесна хаубица на армијата на Обединетото Кралство и е производ на „BAE Systems“. Оваа хаубица е основа за развој на други модели низ светот кои се базираат на овој модел. Моделот досега е произведен во над 1100 парчиња и може да се сретне во вооружувањето на 20 армии ширум светот

Карактеристиките на „L118“ овозможуваат да биде влечена речиси од сите типови на лесни теренски возила 4x4. Може да биде транспортирана со подигање со хеликоптер со специјален сет на опрема за врзување и фиксирање со хеликоптерите „CH-47 Chinook“ и „UH-60 Black Hawk“. Во случај на потреба од авионски транспорт, габаритот на хаубицата овозможува да се сместат и да се транспортираат повеќе хаубици во внатрешноста на транспортниот авион. Бројот на хаубици кои се транспортираат во авионот зависи од типот на авионот и во просек се движи од 4 до 8 хаубици. Хаубицата е така дизајнирана да може да се исфрли од авион со помош на падобран, без притоа да се користат посебни додатоци за амортизирање при падот и допирот со земја.



### Историја на хаубицата

Хаубицата за прв пат била дизајнирана и произведена од „British Royal Ordnance Factories“ како „L118“. За прв пат „L118“ влегла во оперативна употреба во 1976 година во британската армија. Хаубицата,

најинтензивно се употребувала за време на Фокландската војна во која 30 орудија во текот на еден ден истрелувале и до 400 проектили по орудие на ден. Подоцна „L118“ била надоградена во варијантата „L119“ за да одговори на стандардите на НАТО и на САД и за да може да користи и да истрелува компатибилни НАТО/САД полусоединети проектили 105 мм. Во текот на 1987 година е постигнат договор помеѓу САД и Британија, со цел „L119“ да се произведува со лиценца од САД како „M119“ и за да ја замени американската „M102“.
„L118“ може да се користи во сите временски и теренски услови и може да ги користи сите типови на НАТО муниција 105мм.
Денес L118 е комплетно дигитализирана со инерцијален систем за навигација, глобален систем за позиционирање (GPS) и балистички компјутер на ниво на орудие и на ниво на единица на ранг артилериска батерија. Компјутерот покрај основните функции на пресметување на елементите за гаѓање и менаџирање со орудијата во огнена смисла овозможува и останати функции како: работа како самостојна единица, интегрира поголема база на податоци, како за набљудувачниците така и за целите.
Покрај тоа, кај хаубицата е подобрен и хидрауличниот систем, така што се намалува должината на повлекување на цевката при истрелување на 64 сантиметри, се намалува притисокот врз колевката на хаубицата и се продолжува работниот век.
Во случај да не функционира некој од клучните софтверски и дигитализирани надградби, предноста на „L118“ е што ги задржува сите можности да може да се продолжи со гаѓање по едноставен пат, користејќи ги механизмите и склоповите, без да се потпира на дигитализацијата, односно модернизацијата. Хаубицата „L118“ 105 мм ги користи сите типови на полусоединети проектили на НАТО стандардна муниција.
Хаубицата, главно, се состои од следниве склопови: цевка, санка со хидраулична кочница и повратник, противповлекувачки уред, склоп за амортизирање, колевка со механизам за давање на правец и елевација на цевката, краци и тркала и суспензија.
Цевката на хаубицата е еднodelна и зајакната. Истата е со должина од 30 калибри (3,2 метри) и е со мануелен тип на затворач.
Британската верзија на муниција за „L118“ користи електрични топовски каписли, додека варијантата „L 119“ користи ударни топовски каписли.
Хаубицата е визуелно лесно препознатлива по заоблените краци на лафетот кои не се разделуваат ниту во текот на гаѓањето. Без разлика на тој факт, хаубицата целосно ја задржува стабилноста при гаѓањето. Орудието може да гаѓа со нормален режим и без поставена платформа. Поставената платформа му овозможува на орудието да биде целосно подвижно, за 180 степени, кога условите тоа го налагаат.
Хаубицата може да биде влечена од кој било тип на лесни теренски возила, како на пример: „Land Rover“, „Pinzgauer“, „Supacat“, „HMMWV“ и други.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ХАУБИЦАТА „L118“ 105 ММ | |
|---|---|
| КАЛИБАР НА ЦЕВКАТА | 105 mm |
| НАЧИН НА ПОЛНЕЊЕ | Рачно |
| ДОСТРЕЛ | од 11 км до 17 km – во зависност од муницијата |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 3,9 m |
| ЗАФАТНИНА НА БАРУТНАТА КОМОРА | 5,3 литри |
| ДОЛЖИНА НА ХАУБИЦАТА | 6,62 m |
| ТЕЖИНА НА ХУБИЦАТА | 1982 kg |
| РАБОТЕЊЕ НА ЦЕВКАТА | 8000 проектили |
| ШИРИНА | 1,78 m |
| ВИСИНА ВО БОРБЕНА ПОЛОЖБА | 2,63 m |
| ВИСИНА ПРИ МАРШ | 1,37 m |
| ПОСЛУГА | 1+5 |
| ПОТРЕБНО ВРЕМЕ ЗА ПРЕМИН ОД МАРШЕВСКА ВО ПОЛОЖБА ЗА СТРЕЛБА | помалку од 2 минути |
| ПОТРЕБНО ВРЕМЕ ЗА ПРЕМИН ОД ПОЛОЖБА ЗА СТРЕЛБА ВО МАРШЕВСКА ПОЛОЖБА | помалку од 2 минути |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | лево и десно по 100 илјадити |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | од - 100 до +1244 илјадити |
| РЕЖИМ НА СТРЕЛБА | Од 6 до 8 проектили за една минута |



Конфликтот во Украина брзо станува витрина за оружје од секаков вид на домашно и странско пешадиско оружје, како и на разни противвоздушни и противоклопни системи. Последователните пратки со странска воена помош, во голема мера ја засенија употребата на домашно развиеното оружје од страна на украинските сили, а ова, главно, е непознато надвор од Украина



# Украинската јуришна пушка „Малиук“

На социјалните мрежи и на сликите од Украина, донесени од меѓународните медиуми на екраните ширум светот, се споделуваат различни слики од војната на кои може да се видат локални војници како носат пушка, која се издвојува по булпуп-изведбата. Се работи за припадници на украинските сили за специјални операции кои ја користат украинската  јуришна пушка „Малиук“ во булпап-конфигурација.
„Малиук“ е украински збор, што на македонски значи „бебе“, „дете“ или „момче“ и, всушност, името е дадено според прототипот на оваа пушка, кој компанијата „InterProInvest (IPI)“, со седиште во Киев, првпат го претставила во 2015 година. Компанијата моментално ја продава оваа јуришна пушка како „Вулкан“ или „Вулкан-М“, но сè уште редовно се нарекува со неговиот оригинален прекар. Репортажите од конфликтот во Украина често ја покажуваат оваа претходно ретко видена јуришна пушка.
Почетоците на јуришната пушка Малиук датираат од средината на 1990-тите, кога Центарот за истражување и развој за прецизно инженерство на украинската Државна вселенска агенција за прв пат вовела прототип систем за оружје заснован на „АК“, наречен „Вепар“ (не е во врска со линијата пушки и сачмарки со исто име произведени во Русија), кои требале да влезат во служба во украинските вооружени сили како замена за старите пушки „АК“ („Калашников“), почнувајќи од 2003 година. Поради буџетски ограничувања, тоа никогаш не се остварило, но интересот за проектот и од украинската војска и од приватните инвеститори сепак не исчезнал преку ноќ и почнувајќи од 2005 година, приватната компанија ИПИ започнала нов проект за пушка во булпап изведба, базирана на АК, со поддршка од инженери порано ангажирани во развојот на "Вепар".
Првично, позната како „Вулкан“, потоа „Вулкан-М“, пушката била прикажана во својата последна и сегашна форма во 2015 година на изложбата „Оружје и безбедност“ во Киев.
Технички, „Малиук“ е конверзија на платформата АК во булпап-изведба и како таква може да се добие или како целосно фабрички нова пушка од украинско производство или како комплет за конверзија што ќе се примени на постојните јуришни пушки од типот Калашников. Токму неговата булпап-конфигурација е најважната работа



за Малиук, односно поставување на механизмите и рамката за полнење зад ракофатката и чкрапалото. Главната цел на користењето на овој дизајн е тоа што ја намалува вкупната должина на оружјето, постигнувајќи го тоа да биде податливо во тесни простори без да мора да се жртвува должината на цевката, што би резултирало со помала прецизност бидејќи куршумот би имал помалку време да ја зголеми брзината и да се стабилизира пред да излезе од устата на цевката.
Пушката „Малиук“ е достапна во три калибри – 7,62x39мм М43, 5,45x39мм М74 и 5,56x45мм НАТО – и се полни со рамки за муниција од АК47/АКМ, АК-74 и соодветните рамки за муниција во калибар .223/5,56мм.
Во срцето на секоја пушка Малиук има оригинален сандак АК, цевка, група за чкрапање и група носач на затворач со затворач, модифицирани и сместени во полимерна обвивка со широк штитник за чкрапалото. Сите полимерни компоненти се шупливи и исечени за да се олесни ладењето со конвекција и на тој начин да се овозможи постојан оган. Групата носач на затворач со затворач веќе нема интегрална рачка за репетирање, па наместо тоа, „Малиук доаѓа со рачка за репетирање поместена напред, која може да се инсталира на левата или на десната страна. Обезбедена е нова кочница со копче, веднаш над штитникот на чкрапалото, лостот за избирање оган може или да остане ист како кај оригиналниот „АК“ или да се замени со помал прекинувач. Две шипки за пренос го поврзуваат сандакот на пушката со нејзиниот нов полимерен долен сандак, едната ја поврзува групата за чкрапање директно со новото чкрапало, додека другата ја поврзува рамката за муниција со копче кое се наоѓа зад самото чкрапало. Она што многумина, на прв поглед, би можеле да го згрешат како „второ чрапало“ е всушност спојката за ослободување на рамката за муниција, што овозможува празната рамка да се ослободи кога ќе се притисне. Отворот за исфрлање на празните чаури кај Малиук се наоѓа само на десната страна, но доаѓа со целосен дефлектор за ракување со левата рака. Новиот горен поклопец се одликува со целосна должина на пикатини-шина за оптика и преклопни метални нишани, додека три пократки пикатини-шини за додатоци се прицврстени на заштитната облога.
На устата на цевката можат да се монтираат бројни уреди, вклучително и наменски придушувач на звук.
Добро балансирана за маневрирање во борбени ситуации на близина, јуришната пушка е долга 71 cm, со цевка од 415 mm во сите калибри,



Почетоците на јуришната пушка „Малиук“ датираат од средината на 1990-тите, кога Центарот за истражување и развој за прецизно инженерство на украинската Државна вселенска агенција за прв пат вовела прототип систем за оружје заснован на АК, наречен „Вепар“ (не е во врска со линијата пушки и сачмарки со исто име произведени во Русија), кои требале да влезат во служба во украинските вооружени сили како замена за старите пушки „АК“ („Калашников“), почнувајќи од 2003 година

тешка 3,8 килограми со празна рамка за муниција и пука со брзина од 660 куршуми во минута во целосно автоматски режим. „Малиук“ дефинитивно сѐ уште има некои карактеристични недостатоци, типични за повеќето, ако не и за сите пушки во булпап-изведба, но сите извештаи од теренот имаат тенденција да сугерираат дека „Малиук“ можеби е најдобриот булпап на платформата „АК“ што се појавил досега. И покрај фактот што украинските власти го објавија во 2016 година, дека „Малиук“ ги поминал државните тестови, неговата употреба од страна на војската и другите владини безбедносни сили, очигледно била ограничена. Меѓутоа, откако започна руската инвазија во февруари, забележани се украински војници од специјалните сили кои го користат ова оружје. На мрежите можат да се најдат различни слики кои го покажуваат тоа. Некои членови на доброволните украински сили за територијална одбрана, вклучително и поединци од контроверзниот баталјон Азов, исто така се видени со „Малиук“. Сепак, не е јасно дали тие се обезбедени од украинската влада, или се купени комерцијално или, пак, се донирани на тие единици.
И покрај фактот што украинските сили за специјални операции имаат на располагање најразлични видови оружје, сега вклучувајќи го и заробеното, тие, сепак, ја користат оваа јуришна пушка, произведена во нивната земја како главна, и очигледно се многу задоволни со нивните „малјуци“. Значи, се чини многу веројатно дека ќе продолжиме да ги гледаме овие пушки во рацете на припадниците на специјалните операции и другите единици додека ја бранат својата земја.

Александар Стојчевски



# 70 години Организација на резервни офицери на Република Северна Македонија (1952 - 2022)



## Конституирање на резервните офицери и подофицери во посебна асоцијација

Кон крајот на шеесеттите години, во тогашната федерација (СФРЈ), започна да се гради концепцијата на општонародна одбрана и општествена самозаштита. Според таа концепција, граѓаните, работните и други организации и општествено-политичките заедници, станале активни чинители, организатори и извршители на мерки во областа на одбраната и носители на правата и должностите на одбраната, слободата и независноста на сопствената земја.

Во Здружението на резервните офицери и подофицери пристигнувале сè повеќе млади резервни воени старешини, пред кои се поставувале нагласени обврски, како во однос на нивното натамошно воено оспособување, исто така и во однос на нивниот конкретен придонес за изградба на системот на ОНО и ОСЗ. Ваквите општествени процеси го актуелизираа и прашањето за начинот и формите на организирањето на Асоцијацијата на резервните офицери и подофицери. Во почетокот на 1969 година, во органите и во телата на тогашниот СЗБ од НОВ,

> Организацијата на резервните офицери на Република Северна Македонија оваа година одбележува значаен јубилеј– 70 години од основањето во далечната 1952 година. Со цел да ја запознаеме пошироката јавност со позначајните елементи во функционирањето и развојот на Организацијата, во овој и во наредните броеви на „Штит“ ќе објавуваме повеќе прилози кои го отсликуваат изминатиот период, за што му изразуваме посебна благодарност на Министерстовото за одбрана

како и во комисиите за резервни офицери и подофицери, започнува процес на демократско изјаснување на членството за потребата од издвојување на резервните офицери и подофицери и нивно конституирање во посебна асоцијација. Оценето е дека рамките на СЗБ од НОВ се претесни за поцелосно изразување и придонес на резервниот старешински кадар во остварувањето на многубројните одговорни задачи на ОНО и ОСЗ.

За таа цел, во СР Македонија се формираат иницијативни одбори на сите нивоа на тогашната организираност на ЗРОПМ (општински, градски и републички), со цел да ги извршат сите неопходни подготовки за осамостојување на Организацијата на резервните офицери и подофицери. Најпрвин се одржани општински основачки собранија, на кои се избрани нови органи и тела на општинско ниво, меѓу кои, општински конференции на СРВС, како највисоки органи и делегати за Републичкото основачко собрание. Основачкото собрание на СРВС на Град Скопје се одржало на 22 мај 1969 година, а во неговата работа учествувале

избраните делегати на собранијата на десетте основни организации.
На Собранието била избрана Конференција на СРВС на Град Скопје од 71. член, Надзорен одбор од пет члена и 30 делегати за Основачкото собрание на СРВСМ. За претседател на Конференцијата на СРВС на Град Скопје бил избран Атанас Кардуловски-Саќа, за потпретседатели Крсто Угуровски и Живко Трајановски, а за секретар Петар Костовски. На денот на одржувањето на Основачкото собрание на СРВС на град Скопје, во десетте основни организации се зачлениле вкупно 10.095 членови.

## Основачко собрание на ОВСРМ

По извршените подготовки од страна на Иницијативниот одбор, Републичкото основачко собрание на Сојузот на резервните воени старешини на СР Македонија се одржало на 9 јули 1969 година во Скопје. Заедно со 17-те членови на Иницијативниот одбор, во работата на Собранието учествуваат 113 делегати.
Во својство на гости на Собранието присуствувале високи претставници од Претседателството на СЗБ од НОВ на Југославија од Сојузниот иницијативен одбор од Државниот секретаријат за народна одбрана, како и претставници од републичките иницијативни одбори од останатите републики. На Собранието присуствувале и повеќе носители на одговорни функции во СР Македонија. Собранието го отворил претседателот на Републичкиот иницијативен одбор Наџи Сали, а реферат на тема „Општонародната одбрана и улогата на Сојузот на резервните воени старешини на СРМ", поднел Киро Сотировски-Строгов. Во своето излагање, Киро Сотировски-Строгов, посебно ја нагласил потребата СРВС да ги опфати и да ги активира сите резервни старешини во СР Македонија, а особено повоените, односно помладите кои во структурата на членството биле застапени со 60 проценти. На Републичкото основачко собрание биле усвоени правила за карактерот, задачите и организацијата на СРВСМ, како и Резолуција за наредните задачи.
Собранието избирало Републичка конференција на СРВСМ од 75 члена, Надзорен одбор од пет члена, делегати за Сојузниот конгрес на СРВСЈ и кандидати за Сојузниот одбор на СРВСЈ. Новоизбраната Републичка конференција на СРВСМ, на 9 јули 1969 година ја одржала првата седница на која за претседател бил избран Киро Сотировски-Строгов, а за потпретседатели Борис Стојановски, Петар Марковски и Петар Калајџиски, а за секретар Ицо Трајановски.
На седницата на Републичката конференција на СРВСМ бил избран и Извршен одбор од 21 член, како и четири комисии. На 25 декември 1970 година во Скопје се одржала третата редовна седница на Републичката конференција на СРВСМ на која воведно излагање на тема „Сојузот на резервните воени старешини на Македонија во исполнувањето на своите општествени задачи", поднел претседателот Киро Сотировски-Строгов. Двата највисоки работни договори имаа значаен придонес активностите да добијат нови содржински квалитети кои позитивно влијале во натамошното вклучување на Сојузот во јакнењето на одбранбената способност на општеството. Оценето е дека Републичката конференција на СРВСМ во овој период била целосно ангажирана во спроведувањето на задачите содржани во Резолуцијата и во другите документи усвоени на Основачкото собрание и на Петтиот конгрес на СРВСЈ. Со големо внимание се следеле и се анализирале состојбите во основните организации и во општинските сојузи, во однос на нивниот организациски развој и кадровското зајакнување.
Во таа смисла, евидентни резултати биле остварени во зачленувањето во СРВСМ, особено на помладите резервни старешини. Во рамките на активностите на СРВС во општонародната одбрана, тежиштето било ставено на обработката на содржини во функција на јакнење на морално-политичкото единство на народот, толкување на општествената основа на концепцијата на општонародната одбрана, како и на развивањето на борбениот дух и довербата во непобедливоста на народот кој е решен да ја брани и да ја одбрани својата слобода и независност.
Во овој период околу 10.000 резервни воени старешини, непосредно биле ангажирани во оспособувањето на единиците на територијалната одбрана, во работните и во други организации, во младинските борбени единици и во единиците на цивилната заштита. Еден број од нив непосредно учествувал во мобилизациски работи и во активности на комисии и на тела во општествено-политичките и во други организации.
Во 1970 година, за толкувањето на општествените основи на концепцијата за ОНО, биле одржани 370 предавања на кои присуствувле 72.340 граѓани. За поцелосна илустрација на вкупните активности во обуката со членството во наставната 1969/70 година ги бележиме и следните конкретни податоци: одржани се 882 предавања на кои учествувале 48.063 старешини; во решавањето на 131 тактичка задача, непосредно биле ангажирани 14.752 старешини; на 24 тактичко-технички собири присуствувале 18.914 старешини, а на 13 тактичко-ориентациони маршеви учествувале 1.528 старешини. Покрај ова, 21.000 резервни старешини непосредно биле вклучени на воени вежби и на бојни гаѓања, што ги организирале командите и единиците на ЈНА и штабовите на територијалната одбрана. На воените вежби, најголем дел од нив биле непосредно ангажирани во улога на командири и команданти во целиот тек на вежбите.
Присуството на резервните старешини на обуката во општините е различно и се движи од 65 до 98 проценти, а републичкиот просек изнесува 70 проценти од вкупниот број на членови на СРВСМ.

Живко Трајановски






# Авион во реката Вардар

Развојот на авијацијата не бил и не е едноставна замисла „нацртана и пресметана на хартија" која што не е проследена и со многу лични и колективни ангажирања, посебни самоодрекувања и човечки жртви. Последниве најчесто се случуваат при пробните летови на ново проектирани воздухоплови, пред нивното пуштање во сериско производство или при забрзана масовна употреба. Една таква несреќа имало и во Скопје. Малкумина преостанати возрасни граѓани се сеќаваат дека и во реката Вардар „паднал" авион пред тогашна плажа, полна со капачи. Случувањето е на 3 август 1960 г., во 10.45 часот претпладне, кога ненадејно се урнал авион крај тогашната т.н. воена плажа, недалеку од познатиот ресторан "Опатија", на левата страна од крајбрежјето на реката. Несаканиот, катастрофален, настан се случувал пред очите на многубројните капачи и уште побројни посетители на тогашниот скопски саем.Нецелосната слика, без многу разбирање, ја проследив и јас, со своите детски очи, од падините на скопското Кале каде што живеев. Подоцна, кога се „заразив" со воздухопловните активности, се распрашав, проучив и разбрав дека се работело за авион од типот Утва 56, произведен во истоимената југословенска фабрика лоцирана во градот Панчево, во тогашна СР Србија.

Од своето создавање па до денес, авијацијата претставува една од најбрзорастечките техничко-технолошки сфери. Високите барања за нејзиниот брз развој, главно биле акцентирани во текот на светските, регионални и локални војни. Но, корисноста од нејзината надградба продолжила паралелно да се развива и во насока на цивилните потреби

Во официјалниот извештај на фабриката беше напишано „Пред првата планирана меѓународна презентација на овој авион, предвидена за крајот на месец септември 1960 г., било посочено и учество на истиот авион на саемот во Скопје.

За таа пригода, на први септември авионот бил подготвен и полетал кон аеродромот во Скопје во 12.45 час. Пилот бил М. Вукобрадовиќ а со него летал и авиомеханичарот С. Чисар. Според планот, без никакви проблеми во текот на летот, тие слетале на скопскиот аеродром во Петровец, точно во 14:17 часот. После еден ден одмор за пилотот и технички подготовки на авионот, на 3 септември, во утринските часови механичарот извршил основен технички преглед на авионот, го дополнил со авиогориво, а во централниот авионски резервоар наполнил 250 литри вода која требала

показно да се „распрска“ од воздух во текот на летот. Подоцна на аеродромот пристигнал и пилотот кој направил „проба“ на моторот. Околу 10.45 час., авионот, со полн товар полетал кон (стариот) скопскиот саем. По надлетувањето над локацијата, пилотот направил два „прелета“ на височина од 80-100 м. со прикажување можност за распрскување течности од воздух. При тоа, во котлината на реката Вардар направил свртувања во форма на хоризонтална осумка („8“). После второто надлетување изгледало дека авионот се упатил кон аеродромот. Но, во тој миг, набљудувачите од земја можеле да слушнат „бревтање“ на моторот, при што авионот преминал во остро свртување за 180о и се упатил кон коритото на Вардар. Во праволиниски лет, со пикирање, авионот се спуштил над речната вода и со едното тркало од подвозот удрил во еден од капачите. Веднаш потоа се срушил во плитката крајбрежна речна вода. Од силината на ударот „дошло“ до кршење на авионот, а пилотот бил присилно исфрлен од кабината. Во прв момент, поголемиот број од присутните гледачи не можеле да сватат за што се работи, но бргу се соземале и притрчале со цел за спасување на настраданите лица. За повредениот граѓанин - капач немало спас, а после извлекување на пилотот на крајбрежјето забележале дека тој дава знаци на живот и веднаш бил пренесен во најблиската (тогаш и сега) Воена болница“. И покрај сите медицински напори, пилотот не преживеал.
Но очигледно е дека во кризните летачки моменти тој покажал особена присебност, умешност и самоконтрола со што го избрал „најмалото зло“. Веројатно, доколку слетал на блиското песочно вардарско островче, ќе се спаселе тој и неговиот сопатник, но ќе настрадале поголем број капачи. Впрочем, таква е „цената“ на пилотите и испитувањето на авионите, односно пробните летови на истите, кога се појавуваат технички недостатоци или непознавања за можностите на новите авиони.
Во фабричкиот извештај, кој патем да кажам, не претставува официјален документ за катастрофата, не се наведуваат други повредени и погинати лица. Но, според македонските весници, во несреќата биле повредени уште двајца скопјани - капачи, а во авионот загинал и сопатникот на пилотот, радиотехничарот Трајче Дуковски. Иако овој авион од типот „Утва 56“ имал цивилна регистрација, извештајот за директниот „причинител“ за оваа катастрофа, пилотски или технички, не бил јавно публикуван. Сепак, познато е дека овој тип на авион во понатамошниот период е користен и за воени цели.
Инаку, развојот на истиот авион, започнал со типска ознака „Утва 56“, но после катастрофата во Скопје со понатамошниот негов развој и „модификации“, во сериското производство е преиначена ознаката во „Утва 60“. Во основа, тоа е авион со четири седишта, со клипен мотор од американско производство од типот Лајкоминг, со моќност од 260 КС (кај У - 56) и 270 односно 290 КС (кај У – 60). Изработен е со целосно метална конструкција, со високо поставени и потпрени крила. Подвозот му е фиксиран директно на трупот. Го пројектирале инженерите Бранислав Николиќ, Драгослав Петковиќ, Јован Чубрило и Никола Димитријевиќ. Произведени се вкупно 37 авиони, 1 „Утва 56“ (прототип) и 36 авиони „Утва 60“. Мал број од нив се користени во Југословенското воено воздухопловство, а поголем број во спортски и стопански организации. Така завршуваа и завршуваат опитите на многу нови – основни типови авиони, а нивните места ги заземаа, понови, посовремени и технолошки поразвиени типови. Следната типска верзија на овој ист авион беше именувана како „Утва 66“, но со мотор од 360 КС. Овој тип на авион леташе и во аероклубовите кај нас, а беше и меѓу првите авиони со кои јас летав на македонското суверено небо, во 1992 г. Во мојот аеродневник, како и во мојата лична летачка книшка останаа забележани летовите со авионот од типот „Утва 66“, а во моите мисли и сеќавања ќе останат другарувањата со починатиот инж. Бранислав - Брана Николиќ, еден од неговите проектанти. Од него можев и изворно да ја слушнам вистината за катастрофалната авионска несреќа во реката Вардар и за понатамошниот развоен пат на предметниот авион.

Ѓорги Чачкиров








# Музејскиот комплекс „Патриот“

Музејскиот комплекс „Патриот“ е сместен по течението на реката Купер во градот Маунт Плисант (Mount Pleasant) во Јужна Каролина. Музејскиот комплекс е составен од неколку елементи, и тоа: носач на авиони „USS Yorktown“, разурнувачот „USS Laffey“, подморницата „USS Clamagore“ и реплика на логистичка база од периодот на Виетнамската војна. Повеќето сегменти кои го сочинуваат музејскиот комплекс го прават мошне атрактивен за посета. Како резултат на тоа во месец февруари 2017 година музејот го имаше својот 10 милионити посетител. Бројот на годишната посета на овој музеј рапидно расте. Отворање на музејот е во 1975 година. Музејот е лоциран до марината и главниот автопат што го прави лесно достапен за посета. Како прв и најголем елемент за посета е носачот на авиони USS Yorktown. Овој носач има учествувано во Втората светска војна, корејската војна и во војната во Виетнам. Носачот е користен и за собирање на членовите на мисијата во вселената Apollo 8. Покрај неговото официјално име овој носач е познат и под името „Борбената дама“. На самиот носач на авиони има околу 28 летала од различни ери. Посетата на носачот започнува со под палубниот хангар во кој прв сегмент после влезот е поставката посветена на добитниците на одликувањето медал на честа т.е највиското воено одликување во САД. Веднаш по овој дел следуваа изложена реплика на авионот „B-25B Mitchell“, кој бил користен во операцијата наречена „Doolittle raid“, или „Tokyo Raid“. Поточно, првиот напад на копното на Јапонија од страна на американските сили веднаш после нападот на Перл Харбор. Носачот на авиони покрај својата основна намена како музеј се користи и за организирање и реализирање на настани од типот на собири, комеморации, конференции итн. Посетата на бродот може да се реализира со кустос-водич или самостојно со самоводечка тура. За сите кои користат самоводечка тура на подот и на дел од ѕидовите од носачот има водечки стрелки кои ве водат низ лавиринтите на носачот на авиони. Поради комплексноста на носачот препорачливо е да доследно ги следите истите. Во најдолниот дел од носачот се сместени деловите од бродот кој овозможуваат непречено функционирање на вакво пловило за време на операција како што се: тоалети, простории за сместуваање (истите се поделени за војници, подофицери и офицери), кујна со делови за обработка на храна и поделба на истата, капела, затвор, перална, забарска ординација која функционирала со три доктори и техничари, работилница за поправки, пекара итн. Самиот носач во голем дел е преправен и подесен за потребите на музејот така да дел од својата оргиналност се има изгубено со цел да се направи подостапен за посетителите. Особено во овој дел се диорамите кои се поставени во делот на болницата, берберницата и кујната каде со помош на кукли, светлосни и аудио додатоци се доловува чуството како им било на припадниците кои служеле на овој објект. Во подпалубниот дел на носачот музеј прв дел кој е поставен е симулаторот на летање на „F-18“, по што следат осум воздухоплови. Прв од нив е „Grumman F-9 Cougar“, користен во периодот од

1951 до 1974 година. Во истиот може да се влезе и да се разгледа кокпитот на овој авион. Следуваат „Douglas AD-4N Skyraider“, „Grumman F6F-5 Hellcat“, „Vought F4U Corsair“, „Grumman TBF Avenger“, „Grumman F4F Wildcat“, „Douglas SBD Dauntless“ и, на крај, двокрилецот „Stearman (Boeing) Model 75“. На крајот од подпалубната поставка се изложени и реплики на два вселенски модули, и тоа: „Mercury Friendship 7“ и „Apollo 8“. Иако овие модули се реплика на вистинските, носачот на авиони „USS Yorktown“ е бродот кој на 27 декември ја извлече посадата и командниот модул од морето по успешната мисија во вселената. Третата патека за посета на носачот е наменета за командниот мост а првата просторија покрај кога се поминува е собата за готовност за пилотите каде пилотите ги добивале последните упатства пред заминување на извршување на мисијата. Комуникациската просторија и контролата на летање се наоѓаат на истото ниво со палубата на носачот на авиони. Првиот авион кој се забележува при излагањето на плато е „F-18 Hornet“. На предниот дел од палубата е авионот „McDonnell Douglas F-4 Phantom II“, а до него е првиот посебно изграден авион за рано предупредување „Grumman E-1 Tracer“, следуваат хеликоптерот „Sikorsky SH-3 Sea King“, „Douglas A-3 Skywarrior“ или, познат како „кит“ поради фактот дека тоа е најголемиот и најтешкиот модел на авион кој служел на носач на авиони. Во продолжение следуваат: „Grumman A-6 Intruder“, противподморничкиот „Grumman S-2 Tracker“, во задниот дел на носачот се изложени „Grumman F-14 Tomcat“ и „Douglas A-4 Skyhawk“, додека при самиот излез од палубата се поставени: „LTV A-7 Corsair II“, „Vought F-8 Crusader“ и „Lockheed S-3 Viking“. На носачот се распоредени околу 30 летала. За посета само на носачот на авиони ви се потребни во просек три часа. Една од активностите кои се нуди во музејскиот комплеск е преноќување во просториите каде некогаш биле сместени членовите на екипажите од бродовите.

Разурнувачот „USS Laffey“ е од средната класа на разурнувачи и истиот броел до 300 членови. Овој брод е познат и како бродот кој не сака да потоне-умре имено во текот на Втората светска војна погоден е од страна на 6 „камикази“ авиони и проектили, но и покрај тоа истиот останал да плови. Во 1973 година бродот е повлечен од активна служба и по неговото размонтирање од сензитивната опрема истиот е поставен како дел од постојаната поставка во овој музеј. Патеката по која може да се посетат просториите во бродот се обележани со стрелки на подот и страничните зидови. Покрај просториите, испишани се појаснувања и интересни факти за конкретните точки. Простории кои можат да се разгледаат се: магацинскиот простор за 5 инчните топови, како и начинот на донесување на истата, командниот мост, просториите за сместување, кујнски дел, борбена командна соба која е опремена со холограмска проекција итн.

Третиот елемент кој може да се посети во музејот е реплика во реална големина на логистичка база од периодот на Виетнамската војна. Оваа локација е наречена „Виетнамско искуство“. На самиот влез од оваа локација на дрвена информативна табла се испечатени буквите од англиската азбука, а под секоја буква се закачени голем број на идентификациони плочки. Симболиката на ова е големиот број на млади животи изгубени во текот на војната. Самиот дел од „Виетнамско искуство“ е поделен во две целини. Во првиот дел веднаш од десната страна е поставен хеликоптерот „Bell AH-1G Cobra“ и „Bell UH-1 Iroquois“ иконата на Виетнамската војна. По ова следува метален полукружен хангар во кој низ хронолошки пат низ слики и видео записи е покажан развојот на конфликтот од неговиот почеток па се до неговиот крај. Во средишниот дел на овој хангар се поставени две стаклени витрини од кои едната го покажува низ компаративен метод оружјето користено од страна на виетнамските војници („АК 47 Калашников“) и оружјето користено од американските сили (М-16). Во втората застаклена витрина се поставени осум диорами кои покажуваат различни фази (задачи) како: статички позиции, подготовки за патрола, противоклопба борба итн. По излегувањето од металниот хангар се наидува на надворешниот отворен дел каде се користат звучни и визуелни симулации за приближување на чуството како се одвивал животот во една ваква база.

Во делот со вода поставен е патролен чамец еден од неколкуте преостанати од оваа ера, во непосредна близина поставен е и артефактот „Kaiser Jeep M725“ во медицинска варијанта. Во овој дел од постојаната поставка „Виетнамско искуство“ поставени се и пет монтажни бараки изградени во стил и опрема како и од тој период. Во средината на овој дел од „Виетнамско искуство“ е стражарската кула и уште еден „Bell UH-1“ во медицинска верзија, оклопен транспортер „М 113“ и хеликоптер „UH 34 D Seahorse“. Во сите изложени експонати посетителите може да влезат и да ја разгледаат внатрешноста. Преминот од првиот во вториот дел е низ метална цевка со дијаметар 150 см какви какви што се користени за заштита за време на војната. Во вториот дел се изложени: хаубица 105 мм „М101А1“, 40 мм, противавионско самоодно орудие „M42 Duster“, „CH-46A Sea Knight“.

Подморницата „USS Clamagore“ последните две години е затворена за посета поради оштетувањата настанати со годините на константно користење и стоењето во солените морски води. Со оглед на високите трошоци за нејзино поправање, истата е нерентабилна и најверојатно во скоро време истата ќе замине на нејзиното последно патување и нурнување во длабочините.



Влезниците за посета на овој музејски комплекс изнесуваат 27$ за возрасни лица, 21$ за воени ветерани и за припадниците на служби за брза реакција, за активен воен персонал и пензионирани припадници на армијата 19$, за деца од 6 до 11 години 16$ а за деца под 6 години и активни припадници на Армијата во униформа влезот е бесплатен. Со влезницата во музејот може да ги посетите сите точки кои се изложени во музејскиот комплекс, додека за користење на симулаторите се наплаќа дополнително.

Златко Блажески

Благој Јанков-Мучето загинал во борба низ струмичките улици на 4 јули 1944 година. Тој е македонски комунист,учесник во НОВ, прогласен за народен херој на Југославија од Македонија на 11 Октомври 1951 година



# Благој Јанков-Мучето

## народен херој на Македонија

Благој Јанков-Мучето е роден на 3 јуни 1911 година во Струмица во сиромашно работничко семејство. Неговиот татко бил Минчо Коцев, кој починал кога имал четири години. Неговата мајка, Кумјанија, како вдовица со две деца се омажила за Гоне Јанков, така што потоа Благој го добил презимето Јанков. Благој Јанков основно училиште завршил во Струмица, а потоа се запишал во струмичката гимназија. Додека учел основно образование честопати бил казнуван, понекогаш и парично, бидејќи зборувал македонски на училиште. Но, по завршување на вториот клас, тој престанал со образованието и започнал да го изучува кројачкиот занает. По изучувањето на занаетот, не можејќи да најде работа во Струмица, заминал на печалба во Белград. Таму се вработил кај модниот шивач за машка и женска облека, Адолф Голгубер. Благој, преку ден работел во работилниците, а ноќе и во слободно време интензивно читал социјалистичка и комунистичка литература. Поради неговите активности тој стекнал доверба и станал синдикален активист. Посебно бил добар организатор на штрајкови и излети. Уживал голем углед меѓу македонските печалбари во Белград.
Во тоа време кај него созреала идејата за слободна Македонија. Во своите говори на состаноците на синдикалните организации, Јанков започнал сè повеќе да се истакнува и затоа бил забележан од српската власт. Во Белград, во синдикална акција на растурање летоци со марксистичка содржина, за првпат бил уапсен во 1927 година, како опасен антидржавен бунтовник. Во белградскиот затвор „Главњача“ бил мачен и одвраќан од револуционерната дејност. Од затворот излегол по шест месеци.
По пуштањето од затвор, тој се вратил во Струмица, каде што се ангажирал во организирањето на работничката класа и во некои синдикати. Благој наишол на добар одзив од кројачките работници, организирал успешен штрајк којшто самиот го предводел и успешно го завршил. Полицијата повторно го прогонувала, а тој повторно отишол во Белград но овојпат како член на КПЈ (1938 г.). Со своето големо штрајкувачко и синдикално искуство, Мучето влегол во штрајкувачкиот одбор на Белград. .
Во една штрајкувачка демонстрација бил повторно уапсен од полицијата и одведен во затвор. Кога излегол од затворот станал член на Реонскиот комитет на КПЈ на Белград.
Со своето револуционерно дело се афирмирал како истакнат комунистички борец, поради што станал член на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Во тоа својство бил упатен за инструктор во Источна Македонија. Исто така станал и организатор на првите спротивставувања на бугарската окупациска власт во Струмица во 1941 година.
Исто така активно учествувал во подготовките за формирање на партиски организации за Радовиш, Берово и Валандово. Бугарската фашистичка полиција ја открила неговата работа. Како илегалец најмногу се движел во Штип и неговата околина. Направил партиска база во селото Долани, во својство на член на Обласниот комитет на КПЈ. За време на еден упад, полицијата извршила напад. Тогаш со Благоја бил и Славчо Стојменски кој во престрелката со полицијата бил убиен, додека Јанков, ранет, успеал да се извлече. Во многу тешки услови ја продолжил револуционерната работа. Бугарскиот воен суд го осудил на смрт во отсуство и издал потерница со награда за него.
Во јуни 1944 година бугарскиот окупатор го открил неговото скривалиште, во домот на Спиро Захов во Струмица. Настанала нерамноправна борба на градските улици, во која Благоја херојски загинал на возраст од само 33 години.




Името на Благој Јанчев-Мучето, којшто е народен херој на Македонија, е светол патоказ за сегашните и идни генерации Македонци за тоа како треба да се бори за слободата на својата татковина.

### Спомен-куќа на Благој Јанков Мучето

Во близина на малиот градски парк, на улицата „Светозар Марковиќ“ број 1 во Струмица , се наоѓа Спомен-куќата на народниот херој Благој Јанков-Мучето.
Куќата е на еден кат и се состои од 4 соби. Двете соби се со автентичен мебел од времето кога Благој бил шивачки работник во Струмица, а останатите две се музејска поставка во која се сместени личните предмети, фотографии и документи за животот и делото на познатиот револуционер кој загинал на портите пред Градскиот парк во Струмица, прогонуван од бугарската полиција.
Куќата е изградена во 1924 година, а во 2011 година е реновирана за прв пат.
Во негова чест локалната библиотека во Струмица го носи неговото име – ЛБ „Благој Јанков Мучето“.
Книгата „Љубов зад решетки“ од Кочо Урдин, напишана 1961 година, му е посветена на Благој Јанков-Мучето.
За овој наш македонскин херој песна имаат отпеано дуетот Иринка Бујуклиева и Димитар Зато и дуетот Чукарска и Зетов.
Благој Јанков-Мучето, како и неговите соборци кои се бореа во НОВ,
и понатаму се и треба да бидат инспирација за сегашните и идни генарации македонски творци за тоа како се сака и се гине за слободата на својата сакана татковина.

Антоанела Димитриевска

# Народниот херој Лиман Каба

Лиман Каба бил роден во Дебар во 1924 година, а загинал во Банова Јаруга во Славонија на 17 април 1945 година како учесник во НОВ. Тој е прогласен за народен херој на Југославија од Македонија.
Лиман Каба бил роден во Дебар, во многудетно сиромашно семејство. Откако завршил основно училиште во Дебар, по Априлската војна 1941 година учел во гимназијата во Приштина каде што дејствувал и на организирањето на антифашистичката младина, поради што два пати бил апсен во 1942 година.
Лиман Каба избегал од приштинскиот затвор и се вратил во Дебар, дејствувајќи како организатор на народноослободителното движење.
Неговата куќа била центар за илегалните партиски состаноци на активистите на КПЈ и во нивната куќа,






Кузман Јосифовски-Питу го формирал Месниот комитет на КПЈ во Дебар. Од економски причини, во февруари 1943 година тој заминал во Тирана.
Во мај истата година станал борец на албанскиот партизански одред „Дајти“. Извесно време со партизанската единица престојувал во Дебарско и на теренот на Пешкопеја. По капитулацијата на Италија (на 8 септември 1943 г.) пристигнал во слободен Дебар и бил назначен за заменик-политички комесар на чета при Командата на градот, а потоа при формирањето стапил во Четвртата македонска (албанска) бригада (на 26 август 1944 г.). Подоцна, истата година, бил примен за член на КПЈ. Како заменик-политички комесар на Баталјонот на Петнаесеттиот (македонски) корпус на НОВЈ загинал во борба со четничките сили на Сремскиот фронт во Западна Славонија. На 8 октомври 1953 година е прогласен за народен херој на Југославија. Спомен-бистата на Лиман Каба се наоѓа во паркот во Дебар,а неговото име со гордост го носи основното училиште во село Љуботен, Скопско, и караулата кај Дебар.

Антоанела Димитриевска



# „Јаничарите“ – елитниот воен одред на Османлиската Империја

Почетокот на XIII век во Мала Азија бил одбележан со јакнењето на државата на Турците-Османлии. Воените подвизи, поддржани од строгата дипломатска игра на султаните, довела до рапидно ширење на териториите на Османлиската Империја.
Османлиската војска била целина, изградена од разновидни елементи, поделена на повеќе делови. Еден воен одред бил секогаш истакнат над сите други, одред кој ја претставува сликата на некогашната моќ, но и падот на Османлиската Империја, Одредот на „Јаничарите“.
Создавањето на „Јаничарите“ е за време на владеењето на третиот султан на Османлиите, Мурад I (1362 – 1389).
По наредба на султанот, една петина од робовите заробени за време на војна биле тренирани во уметноста на војувањето. Тоа било со цел за да се создаде една елитна гарда, чии воини ќе бидат и телохранители на самиот владетел.
Во 1380-тите години за прв пат на сила стапува системот „Девширме“. Со овој закон, на секои пет години од неисламското население биле земани машки деца на возраст од 6 до 14 години. Тие биле давани на турски фамилии, со цел да бидат исламизирани и израснати преку турската култура и јазик. Нивниот живот бил воден под строга дисциплина, секојдневно исполнет со ригорозен тренинг, комплетно фокусирајќи ја индивидуата кон учењето на боречките вештини.
Овие воини имале строга забрана да имаат брада, како и да се женат и да имаат деца.
Како резултат на овие ригоризни мерки и начин на живот, Јаничарите станале најелитниот одред на Османлиската Империја. Покрај тоа што официјално биле „робови“ на султанот, тие добивале

„Јаничарите“ го формирале пешадискиот дел од османлиската војска. Главни оружја кои ги користеле „Јаничарите“ биле лакот и стрелата, како и мечот „јатаган“, што во тоа време претставувал симбол на Јаничарскиот одред. Освен со овие две оружја, „Јаничарите“ биле експерти и во употребување на речиси секое друго оружје. Па, така, во записите гледаме дека некои јаничарски одреди користеле дури и дворачни секири, како и хелебарди, покрај лакот и стрелата

редовна плата, како и пензија по крајот на нивната воена служба. На тој начин „Јаничарите“ се формирале како посебна социјална класа во османлиското општество и со текот на времето постанале една од владејачките класи во Империјата. Официјално, „Јаничарите“ припаѓале на класата „Аскери“, првата класа на граѓани од воената бранша.
Нивната ефективност на бојното поле била лимитирана од бројката на нивниот одред. Како најелитната гарда во Империјата, „Јаничарите“ претставувале една десетина од целосната османлиска војска. Остатокот од армијата бил пополнет со турска и провинцијална коњаница. Бројката на „Јаничарите“ во 15 век била 6 000 војници, додека провинцијалната коњаница броела околу 40 000 души.
„Јаничарите“ го формирале пешадискиот дел од османлиската војска. Главни оружја кои ги користеле биле лакот и стрелата, како и мечот „јатаган“, кој во тоа време претставувал симбол на Јаничарскиот одред. Освен со овие две оружја, „Јаничарите“ биле експерти во употреба на речиси секое друго оружје. Така, во записите гледаме дека некои јаничарски одреди користеле дворачни секири, како и хелебарди, покрај лакот и стрелата.
Некаде во почетокот на 16 ве, тие оружја биле дополнително опремени и со огнени оружја т.е. со мускети, а подоцна и со првите верзии на гранати, како и со рачни топови. Овие податоци ни даваат до знаење дека „Јаничарите“ биле многу флексибилни во употребата на разновидни оружја, па така можеме да тврдиме дека нивната улога на бојното поле константно се менувала во зависност од потребата.
„Јаничарите“ биле присутни на секоја воена кампања. Тие биле меѓу првите кои продреле низ ѕидините на Константинопол за време на опсадата на градот во 1453 година, кога биле присутни при победата над Мамлучкиот султанат во Каиро и во сите војни со Унгарија и со Австрија. На бојното поле биле секогаш позиционирани покрај султанот, во центарот на цела формација. Тие претставувале единствениот пешадиски одред. Под нивна команда се наоѓале цели полкови на инженери и минери, кои помагале во конструкција на огнени оружја итн.
Некаде во средината на 16 век бројката на „Јаничари“ значително ќе се зголеми. Тоа било по потреба заради поголема контрола на новоосвоените територии на Империјата. До 1609 година бројот на „Јаничари“ бил зголемен до 40 000 души. Со зголемувањето на нивната бројка, се зголемило и влијанието кое го имале во внатрешноста на Империјата.
Тие знаеле колку се важни за султанот,



Во текот на 17 век „Јаничарите“ биле толку моќни што започнале да влијаат и на самата власт и политика во Империјата. Нивните константни бунтови придонесувале кон хаосот и само помогнале во политичката стагнација на самата држава. Нивната злоупотреба на политичката и воената моќ ги премината сите граници. Поради тоа, во 1826 година, султанот побарал „Јаничарите“ да се распуштат како одред, во замена за модерна армија според европските стандарди



така што започнале да изнесуваат листа на побарувачки до владејачката класа, со цел подобрување на квалитетот на нивниот живот. Така, „Јаничарите“ се здобиле со правото да пуштат брада, да се женат и да имаат свои деца. Тренингот прекинал да биде ригорозен како порано, па така дисциплината на оваа воена сила значително опаднала.

Најголем удар за одредот било забранувањето на Девширме-системот во 1648 година. Со тоа, всушност, се овозможило кој било обичен војник да има шанса да стане „Јаничар“.
Низ текот на 17 век Јаничарите биле толку моќни што започнале да влијаат на самата власт и политика во Империјата. Нивните константни бунтови само придонесувале кон хаосот и помогнале во политичката стагнација на самата држава. Нивната злоупотреба на политичката и воената моќ ги премината сите граници. Поради тоа, во 1826 година султанот побарал „Јаничарите“ да се распуштат како одред, во замена за модерна армија според европските стандарди. „Јаничарите“ направиле бунт, но војската на султанот успеала да ги запали бараките на „Јаничарите“ со артилерија, каде што загинале преку 4000 души. Остатокот од „Јаничарите“ бил фатен, заробен и егзекутиран по наредба на султанот. Егзекуцијата на последните „Јаничари“ била изведена во Солун.
Јаничарскиот воен одред дефинитивно бил еден од најелитните воени сили низ историјата. Глорифицирани од Турците-Османлии и вечно запамтени од нивните непријатели, „Јаничарите“ мошне многу придонеле за ширењето на Османлиската Империја. Сепак, нивното влијание врз внатрешниот развој на државата ќе отвори рана и ќе остави траен белег, што ќе претставува почетокот на нивниот крај.

Владимир Кухар



# Сесловенскиот Муха

Алфонс Муха уште многу рано покажал талент за цртање , па од таму еден локален трговец, импресиониран од неговата работа, му обезбедил хартија бесплатно, што во тоа време се сметало за луксуз. Всушност, Алфонс бил мултиталентиран, имал талент и за музика , бил алт-пејач и свирач на виолина. За да продолжи со образованието, неговиот учител по музика, Павел Крижовски, го препорачал во хорот на катедралата „Свети Петар и Павле“, каде што го примиле како хорист и му ги финансирале студиите во гимназијата во Брно. Овде, тој го стекнал и своето средно образование. Откако му пукнал гласот, тој се откажува од функцијата хорист, но продолжува да свири како виолинист за време на миси. Времето и средина во која израснува се полни со интензивен чешки национализам во сите уметности, од музика до литература и сликарство. Во еден период и дизајнирал флаери и постери за патриотски собири. Во 1878 година се пријавил на Академијата за ликовни уметности во Прага, но бил одбиен и советуван „да најде поинаква кариера“. Во 1880 година, на 19-годишна возраст, тој отпатувал во Виена, политичката и културната престолнина на Империјата, и се вработил како чирак-сценски сликар во компанија која правела сценографии за виенските театри. Во тој период го открива творештвото на Ханс Макарт, многу истакнат академски сликар, кој работел мурали за многу палати и владини згради во Виена и бил мајстор за портрети и историски слики во голем формат. Неговиот стил ќе го насочи Муха во таа уметничка насока и многу ќе влијае на неговата подоцнежна работа. Тој, исто така, започнува во тој период да експериментира со фотографијата, која станува важна алатка во неговата подоцнежна работа. Во 1881 година грофот Беласи го запознал и го увидел талентот на Алфонсо, така што решил да го донесе Муха во Минхен на формална обука и му ја платил школарината и животните трошоци на Академијата за ликовни уметности во Минхен. Па, така, тој се преселил таму во септември 1885 година. Во тој период Алфонсо другарува со голем број значајни словенски уметници таму, вклучувајќи ги Чесите Карел Витеслав Машек и Лудек Маролд и Русинот Леонид Пастернак, татко на познатиот поет и романсиер Борис Пастернак. . Со финансиска поддршка на Беласи, тој одлучил во 1887 година да се





> Алфонс Марија Муха ( 24 јули 1860 – 14 јули 1939 година), меѓународно познат како Алфонс Муха, бил бохемски и чешки сликар, илустратор и графичар. Роден е во малиот град Иванчице во Јужна Моравија, тогаш провинција на Австриската Империја (сега регион на Чешката Република). „Словенскиот еп“ е најграндиозниот проект на Муха, што претставува серија на големи слики што ги илустрираат достигнувањата на словенските народи низ историјата

пресели во Париз, каде што се запишал на Академијата „Џулијан“ и следната година, 1889 година, на Академијата „Колароси“. Двете училишта предавале широк спектар на различни стилови. Неговите први професори на Академијата „Жилиен“ биле Жил Лефевр, кој специјализирал за женски актови и алегориски слики и Жан Пол Лорен, чиишто специјалности биле историски и религиозни слики во реалистичен и драматичен стил.
На крајот на 1889 година, кога се наближувал на триесетгодишна возраст, неговиот патрон, грофот Беласи, одлучил дека Муха добил доволно образование и ги прекинал своите финансии. Во 1890 и 1891 година, тој почнува да изработува илустрации за неделното списание „La Vie populaire“, кое објавуваше романи во неделни делови. Неговата илустрација за романот на Гиде Мопасан, наречена „Бескорисна убавина“, завршува на корицата на изданието од 22 мај 1890 година. За ова списание тој изработува драматични сцени од битки и други историски настани, вклучително и насловна илустрација со сцени од Француско-пруската војна. Неговите илустрации почнуваат да му даваат редовен приход. Во тој период е пријател со Пол Гоген, со којшто и го делел студиото во време кога Гоген се вратил од Тахити, летото 1893 година.

Четири негови илустрации, вклучително и едната што ја прикажува смртта на Фредерик Барбароса, биле избрани за изложба во Парискиот салон на уметници во 1894 година. Добива и Медал на честа, негово прво официјално признание. Парисaката изложба од 1900 година, позната како првата голема изложба на Арт Нову, му дава можност на Муха да се движи во сосема поинаква насока, кон големите историски слики на кои им се восхитувал во Виена. Тоа му овозможи и да го изрази својот чешки патриотизам. На крајот на 1894 година неговата кариера добива драматичен и неочекуван пресврт кога почнува да работи за францусkата сценска актерка Сара Бернхард, која во тој период е мега ѕвезда и и ги изработува плакатите за сите нејзини престави и турнеи. На самиот почеток на дваесеттиот век, Муха отпловува за Њујорк, а неговата намера била да најде финансирање за неговиот грандиозен проект, „Словенскиот еп“, кој го замислил за време на изложбата во 1900 година. Тој веќе имал воведни писма од бароницата Саломон де Ротшилд . Во Њујорк се запознава и со Чарлс Крејн, голем љубител на сесловенството, кој станал и негов патрон.
„Словенскиот еп“ е најграндиозниот проект на Муха, кој претставува серија на големи слики што ги илустрираат достигнувањата на словенските народи низ историјата.
Серијата е составена од дваесет слики, половина посветени на историјата на Чесите, а десет на другите словенски народи.
Додека работел на „Словенскиот еп“, работел и за чешката влада.
Во 1918 година, тој ја дизајнирал банкнотата на корон, со ликот на Славија, ќерката на неговиот американски патрон Чарлс Крејн. Улогата на Муха како словенски националист и масон го направило главна цел на нацистите за време на окупацијата 1939 година. Бил уапсен, сослушуван неколку дена и на крај пуштен на слобода но, бидејќи веќе бил во поодминати години, а и онака со нарушено здравје, се разболел од пневмонија и починал на 14 јули 1939 година, 10 дена пред неговиот 79-ти роденден, неколку недели пред избувнувањето на Втората светска војна. Иако јавните собири биле забранети, на неговиот погреб на споменикот „Славин“, на гробиштата „Вишехрад“, резервиран за значајни личности во чешката култура, присуствувала огромна толпа.

Трајче Чатмов





# „Банкарот на отпорот“

Банкарот на отпорот“ е холандска воена драма од 2018 година која раскажува за една голема банкарска измама која го финансирала отпорот и Евреите во Холандија за време на Втората светска војна. Во центарот на приказната е младиот банкар Воли ван Хал кој е и таткото на машинеријата за обезбедување и дистрибуирање на парите на вистинското место – во рацете на прогонетите и ограбените Евреи. Овој филм во продукција на стриминг-платформата „Нетфликс“ има наратив со спор развој, но многу тензија и бил кандидат на Холандија за „Оскар“во 2019 година.

Кој е Валравен ван Хол?

Познат под името Воли во домашните кругови и меѓу пријателите, ван Хол е почитуван холандски банкар, како и неговиот брат, растени во богато и угледно холандско семејство. Но, тој не ја почнал својата професионална кариера како банкар, туку претходно бил дел од трговската морнарица, сè додека неговиот лош вид не бил причина за да биде отфрлен од морнарицата. Брзо потоа, тој се придружува на неговиот брат Гис во банкарската професија и двајцата стекнуваат општествен углед на умешни, вредни, принципиелни банкари, а имаат и среќен и просперитетен приватен живот, со сопруги и деца. Сè што некој би можел да посака. Со окупацијата на Герминија на Холандија, започнува и хororот во оваа мала земја – многумина од нивните блиски пријатели и познаници се испратени во кампови, или им се одземени сите права, или пак, едноставно егзекутирани. Луѓето едноставно еден ден се тука, а следниот исчезнуваат. На Воли почнува тоа да му пречи и црвот во неговата глава е разбуден и започнува да мрда. За разлика од него, Гис го советува да остане мирен и да се грижи за благосостојбата на неговите деца и жена, плашејќи се за безбедноста и за бунтовните искри разбудени кај братот кои се заканувaат да донесат несреќа. Откако Воли ќе го најде мртов својот колега и целото негово семејство во семејниот дом, жртви на самоубиство откако им било наредено да го предадат својот дом на Германците, банкарот ќе биде пречекан од мистериозен човек кој ќе го праша „дали смета дека е време за да се нападне назад“. Мистериозниот човек е припадник на отпорот, а за Воли тоа е покана да го даде својот дел за тоа кое смета дека е исправно и да се бори против неправдата. Но, таа борба има цена. Животот и слободата на неговата сопруга и деца може да бидат загрозени, па тој мора да се одвои од









нив со цел да ги заштити. Помалиот брат сепак им пркоси на советите на Гис и одлучува да оживее еден систем и модел на фонд кој постоел со почетокот на војната, фонд кој требало да обезбеди грижа за семејствата на загинатите морнари при една несреќа. Парите во новиот фонд се обезбедени во вид на заеми од имотни луѓе кои владата во егзил гарантира да им ги врати и исплати по крајот на војната. Тоа што го прават двајцата браќа со нивниот мајсторски план е всушност банкарска измама. Како што расте тајната организација и машинерија за обезбедување и дистрибуирање на парите, но и бројот на пари, и однесувањето и акциите на Воли стануваат похрабри, до тој степен што тој почнува да ги испитува можностите и ризикот да се ограби националната холандска банка преку подметнување на фалсификувани акции и обврзници и крадење на оригиналите.

### „Банката на Отпорот“

Илегалната „Банка на отпорот“ ја основа Воли, но набрзо му се придружува и Гис и тие ги искористуваат нивните врски и контакти во банкарскиот свет за да стигнат до важни информации за движењата на парите. Рост ван Тонинген, директорот на Холандската национална банка ќе му се довери на Гис дека планираат да ги повлечат од банкноти со големи деноминации поради сомнежи за измама. Тука браќата ја гледаат првата можност за да стигнат до средства и по успехот на акцијата и обезбедувањето на голема количина на пари. Воли и неговите соработници посегнуваат по Холандската национална банка со план да ги украдат државните обврзници и да ги заменат со фалсификати. Но, изработувањето на фалсификатите и нивно подметнување во банката не е лесно и едноставно. Додека Воли ја координира големата операција, во јавноста протекува информацијата за „банкарот на отпорот“ ван Тил. Ван Тил, всушност е псевдонимот на Воли. Нацистите имаат информација за име, но не и човек. Ван Тил е мистерија, но кругот околу него се стеснува како што окупаторите полека ја разбиваат



мрежата на илегалната банка, апсат и погубуваат соработници, но и ги измачуваат во замена за информација. Прашање на време е кога некој ќе потклекне на притисокот и ќе го издаде името на Воли.

За време на Втората светска војна, Воли ван Хол, неговиот брат и нивните сорабоници, успеваат да соберат околу половина милијарда евра во денешни пари, за финансирање и поддршка на активностите на отпорот против нацизмот и окупацијата. Самите никогаш не биле во опасност од окупацијата на нацистите, но ставиле сè што имаат во опасност и ризик за доброто на други.

### Непознатата приказна

Режисерот Џаром Лирсен вели дека никогаш не сакал ниту планирал да направи филм за Втората светска војна, бидејќи сметал дека сите приказни се веќе раскажани. Но, еден ден, во неговиот роден град се појавила статуа на непознат човек и тој почнал да се информира кој е тој човек и да ја разоткрива дотогаш непознатата приказна за овој тивок и непознат херој. Тој ги исконтактирал и наследниците на двајцата браќа со цел да дознае повеќе детали, но семејството било резервирано околу идејата да се направи филм, плашејќи се да не прерасне во типичен акционен воен филм. Вистината е дека Гис и Воли никогаш не поседувале ниту пак употребиле оружје, нивната борба била на поинаков начин, а режисерот ги убедил дека токму тоа и ќе го прикаже: прво, врската и блискоста помеѓу двајцата браќа и второ, најголемиот грабеж во холандската историја, но мотивиран од чесност, искреност и праведност.

Веројатно погодувате, визуелниот тон и колорната палетас е ограничени, со задушени нијанси кои прилегаат на воен филм. Музиката, исто така, одлично го надополнува дејството и ја нагласува акцијата што е многу важно за двочасовен филм соголен од типична воена акција. Сепак, на режисерот може да му се забележи што првиот дел од филмот го држи во едно бавно темпо, за да ја забрза значително акцијата во втората половина. Кој може да посведочи колку приказни за храброст се заборавени поглавја на еден важен настан како Втората светска војна? Многу незнајни луѓе и настани кои животите ги дале за правдата, но сепак нивните дела не биле соодветно споделени и зачувани за да инспирираат идни генерации. Многу од приказните од војната се токму за силата на човечкиот дух, честа и доблеста кои можат да се спротистават на опресијата на војната. Воли ван Хол живее преку овој филм и статуата поставена во 2010 во Холандската национална банка да сведочи за неговите дела.

Елена Ѓорѓиевска



**Улоги:** Barry Atsma, Jacob Derwig, Pierre Bokma, Raymond Thiry, Steef de Bot, Jochum ten Haaf

**Режија:** Joram Lürsen

**Сценарио:** Marieke van der Pol, Thomas van der Ree

**Монтажа:** Peter Alderliesten

**Кинематографија:** Mark van Aller

**Музика:** Merlijn Snitker

**Година:** 2018

**Земја:** Холандија, Белгија

**Времетраење:** 123 минути



# Калишта – туристичко село

Калишта е село кое се наоѓа во областа Дримкол, на оддалеченост од околу четири километри од градот Струга. Самото село Калишта и неговиот атар се протегаат од северозападниот брег на Охридското Езеро на исток, преку рамнината на Струшкото Поле кон подножјето на планината Јабланица на запад. Селото е рамничарско, на надморска височина од 696 метри.

Поради изворедната местоположба со многубројни природни убавини крај брегот на Охридското Езеро, во селото Калишта повеќе од половина век е мошне развиен туризмот и самото село е прераснато во значајно туристичко средиште. Веднаш на самиот јужен крај на селото се наоѓа познатиот хотел „Бисер“, кој е еден од најголемите, најдобрите и најубаво опремените хотели на Охридското Езеро. Веднаш, непосредно до овој хотел, се наоѓа и познатиот средновековен манастир посветен на Пресвета Богородица, после кој веднаш се наоѓа неодамна обновениот хотел „Изгрев“ кој во моментот ги поседува најсовремените и најубаво опремените плажа и воден парк (топогани, скокалници итн.). Од големите хотелски комплекси и одморалишта, веднаш над самото село Калишта, на околу еден километар оддалеченост на патот кон Радожда, се наоѓаат и хотелите „Макпетрол“ и „Скопје“. Непосредно до селото на карпестиот возвишен гребен, опкружена во борова зимзелена шума се наоѓа туристичката населба „Елен Камен“ со многубројни викенд-куќи и модерни вили.

Во непосредна близина на струшкото село Калишта со својата убавина плени манастирскиот комплекс „Рождество на Пресвета Богородица“. Составен од четири храма, две пештерски цркви, посветени на Мајката Божја и свети Атанасиј Велики и уште две цркви, едната „Рожденство на Пресвета Богородица“ и другата „Свети Петар и Павле“.

Основа на манастирскиот комплекс е малата пештерска црква, сместена во карпа, изградена во 14 век. Тука доаѓаат и христијани и муслимани да запалат свеќа и да се помолат пред иконата, која е ретка во православниот свет, а на Балканот е единствена, тоа е иконата на Калишка Пресвета Богородица. Чудотворноста на иконата се состои во нејзината исцелителна моќ. На секој што се моли со искреност, вера и чисто срце таа му помага да се излечи. Карактеристично за манастирскиот комплекс во Калишта е и лековитоста на водата што извира под манастирот посветен на светите апостоли Петар и Павле. Тоа е лековита вода којашто им помага на луѓето кои патат од главоболки или, пак, имаат проблеми со очите.

Кристина Илиевска



# со природни убавини













